ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT

Улица „23 Октомври" бр. 11, 1000 Скопје Тел: (02) 3250 100; Емаил: info@piom.com.mk
Rruga "23 Oktomvri" nr. 11, 1000 Shkup Tel: (02) 3250 100; Email: info@piom.com.mk

Бр.13-4625/2
21.10.2022 год.
28.10.2022

До
Адвокат
Перо Јанура
Ул.11 Октомври бр.23 б/7
Скопје

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на С. Македонија - Одделение за исплата на пензиските примања, во врска со Вашето барање, во прилог Ви доставува потврда дека лицето Љубе Симјановски со П.бр. 05301794292 е корисник на СТАРОСНА пензија.

Прилог:-Потврда

Со почит,

Директор на Сектор
За финансиски прашања
Fatime Nexhipi

Изготвил: B.Idrizi
Контролирал:F.Beqiri

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

ПОДРАЧНА СЛУЖБА СКОПЈЕ

БР.1802-2295/2

28.02.2020 год.

Фондот за здравствено осигурување на на **Република Северна Македонија - Подрачна служба - Скопје**, врз основа на член 56 став 2 од Законот за општа управна постапка и евиденцијата што ја води по службена должност, по барање на **ЉУБЕ СИМЈАНОВСКИ од СКОПЈЕ**, ја издава с ледната

## ПОТВРДА ЗА СТАТУС НА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ

Фондот за здравствено осигурување на **Република Северна Македонија - Подрачна служба - Скопје**, од извршениот увид во евиденцијата што се води за осигурените лица, потврдува дека лицето **ЉУБЕ СИМЈАНОВСКИ од СКОПЈЕ**, со **ЕМБГ 0708948450081** се води (постои) во евиденцијата на осигурени лица на ПС Скопје, **пензионер - 8 - ПЕНЗИОНЕРИ КОИ ПРИМААТ ПЕНЗИЈА ОД РМ (6),пријавен во здравствено осигурување од 14.08.2012 год. исеуште.**

Потврдата се издававена во здраствено осигурување од по барање на странката за да и послужи каде што има потреба.

Согласно член 18 став 1 точка 12 од Законот за административни такси лицето е ослободено од обврската за плаќање такса.

Изготвил: Харбин Сулејмани

Согласен: Сузана Делева

Раководител

По овластување бр.04- 2329/1 од 08.02.2019 година

М-р Жаклина Стаменкова

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT
Улица „23 Октомври" бр. 11, 1000 Скопје Тел: (02) 3250 100, Емаил: info@piom.com.mk
Rruga "23 Oktomvri" nr. 11, 1000 Shkup Tel: (02) 3250 100, Email: info@piom.com.mk

Пенз. број - 05301794292
ФОНД ПИОМ - СКОПЈЕ 20.02.2020 година

МБР - корисник: 0708948450081
НЕМА ПОЛНОМОШНИК

Врз основа на член 92 став 2 од Законот за општа управана постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/15),согласно службената евиденција, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ја издава следната:

# ПОТВРДА

Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија потврдува дека лицето ЉУБЕ СИМЈАНОВСКИ од СКОПЈЕ НАРОДЕН ФРОНТ 29/17, е корисник на СТАРОСНА пензија во износ 15,272.00 денари во моментот на издавање на потврдата.

Потврдата се издава по барање на корисникот за докажување на статус на корисник на пензија пред надлежни органи.

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

Број: 0805-50/150020210446321

Датум и време: 9.11.2021 г. 10:38:47

**/Електронски издаден документ/**

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6618669 |
| **Целосен назив:** | АДВОКАТ ЉУБЕ СИМЈАНОВСКИ Скопје |
| **Седиште:** | ИВАН КОЗАРОВ бр.47 СКОПЈЕ - КИСЕЛА ВОДА, КИСЕЛА ВОДА |
| **Датум на основање:** | 1.3.1991 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 5030991241188 |
| **Големина на субјектот:** | микро |
| **Организационен облик:** | 13.3 - адвокат |
| **Надлежен регистар:** | Именик на адвокати |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 69.10/1 - Адвокатски дејности |

| ОВЛАСТУВАЊА | |
|---|---|
| **Овластени лица** | |
| **Име и презиме:** | ЉУБЕ СИМЈАНОВСКИ |
| **Адреса:** | НАРОДЕН ФРОНТ бр.29/17 СКОПЈЕ, СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| **Овластувања:** | Адвокат |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Дополнителни информации:** | |

| КОНТАКТ | |
|---|---|
| **E-mail:** | simjan@freemail.org.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**А Д В О К А Т**
*Љубе Симјановски*
*ул.Н.Фронт бр.29/17*
*моб.тел 078 230 436*
*1000 Скопје*
*advokatsimjanovski@gmail.com*

5П1-101/21

ПРИМЕНО - E PRANUAR
Со / Në ______ прилози / ekzemplarë
09 -04- 2021
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP

ДО
АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ
преку
ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
С К О П Ј Е

ТУЖИТЕЛ : Драган Симјановски од Скопје, со стан на ул. Ристо Шишков бр.34-а , со ЕМБГ0206954450055 преку адв.Љубе Симјановски од Скопје ул.Нар. Фронт 29/17 , лиценца 0338 на АКРМ елек.санд. преку меил advokatsimjanovski@gmail.com
Т У Ж Е Н : Друштво за производство, трговија и услуги ГАЛ дооел увоз-извоз Скопје , ул.11 Октомври бр 46-1/1 со ЕМБС4645669 и ЕДБ4030993223205 со управител Емилија Мандичевска
ПРЕДМЕТ : Нарушено владение со Привремена мерка
ВРЕДНОСТ: 40.000,оо денари

Ж А Л Б А

Од полномошникот на тужителот , адв.Љубе Симјановски од Скопје.

Во благовремениот законски рок ја поднесуваме оваа жалба против решението на Основниот граѓански суд Скопје, 5П1-101/21 од 06.04.2021 година од следните причини :

1.Суштествени повреди на одредбите на ЗПП
2.Погрешно и непотполно утврдена фактичка состојба
3.Повреда на материјалното право

од кои причини му предлагаме на насловниот суд да ја уважи оваа жалба во целост и првостепеното решение го преиначи во смисла што ќе го уважи барањето на тужителот, за издавање на привремена мерка, во целост и тужениот ќе го задолжи да веднаш по приемот на решението го стави во функција лифтот бр.8 во зградата на ул.Благој Стевковски бр.4, и да им овозможи на закупците на тужителот „ЗЕГИН ХЕЛТИ ФУД„ Скопје , „ЕУРОБРЕДС 2016„ од Скопје, влез и излез на нивните стоки од подрумот до приземјето , и да во иднина се воздржува од ваков и сличен вид на дејствија , под страв од кривична одговорност, како и да му ги надомести трошоците по постапката, односно првостепеното решение ќе го укине во целост и предметот ќе му

А Д В О К А Т
*Љубе Симјановски*
*ул.Н.Фронт бр.29/17*
*моб.тел 078 230 436*
*1000 Скопје*
*advokatsimjanovski@gmail.com*

19П1-161/21
19П1-162/21

ПРИМЕНО - E PRANUAR
Со / Në ______ прилози / ekzemplarë
26 -08- 2021
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP

ДО
ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
С К О П Ј Е

ТУЖИТЕЛ : Зоран Мандичевски од Скопје , со стан на ул.Иво Лола Рибар, бр.74/1-1 со ЕМБГ 2105957450001 и л.к.бр.А1002985 на МВР Скопје преку полнмошник адв.Снежана Арнаудовска од Скопје

Т У Ж Е Н : Драган Симјановски од Скопје, со стан на ул. Ристо Шишков бр.34-а , со ЕМБГ0206954450055 преку адв.Љубе Симјановски од Скопје со седиштена ул.Народен Фронт 29/1 , со лиц.0338 и ел.саначе преку ***advokatsimjanovski@gmail.com***

ПРЕДМЕТ : Заштита на заедничка сопственост
ВРЕДНОСТ: 1.000.001,оо денари

# ПРИПРЕМЕН ПОДНЕСОК

Од полномошникот на тужениот , адв.Љубе Симјановски од Скопје

По поод наводите на полномоникот на тужителот , наведени во нејзиниот поднесок од 02.06.2021 година , доставен на рочиштето од 04.06.2021 година , полномошникот на тужениот смета за потребно на насловниот суд да му ги посочи следнит наводи и аргументи , како би се избегнало навлегување во расправа за работи кои се надвор од тужбата и туженото барање , а пред се од барањето за привремена мерка.

Имено , полномошникот на тужителот на првите две страин од својот поднесокго елаборира правниот статус на полномошникот на тужителот и неговите права на застапување како адвокат , при што се повикува на решението на ПИОМ за стекнување на правото на старосна пензија .

Правата и обврските на адвокатите во Република Македонија се утврдени со Уставот на РМ и Законот за адвокатурата кои утврдуваат кој, како и врз основа на што , може да стане адвокат и да се запише во листата на адвокати на АКРМ , и на кој начин престанува својството и правата на адвокатите.

Овој Закон е LEX SPECIJALIS за работата , правата и обврските на адвокатите, и за истото не постои ниту еден друг закон кој може да го одземе или ограничи правото на адвокатот да застапува физички и правни лица , да е дел од правосудниот сѕстем и парво раздавањето во Македонија.

Законот за ПИОМ ги утврдува правата и обврските на овој Фонд и правата и обврските наг раѓаните , како корисници на правото на пензија , и обврските на работодавачите за обезбедување на средства ( уплата на придонеси за ПИО) за време на работниот век на работникот.

Доколку некој неправилно и нез аконито ги користи средствата на Фондот , истиот има свои служби кои тоа ќе го утврдат и санкцонираат , но во никој случај не можат да

**«X»IX.«»«П1-158/16»**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата «Бесник Авдија» како судија поединец, постапувајќи по правната работа на тужителите «И.К.», ул." ... " бр. ....., В.Г., ул.".....'' бр..... и С.Г., ул." ... " бр. ...., сите тројца«» од «С.», застапувани преку полномошник адвокат Љубе Силјановски,против тужениот «А.П.» од «С.», «ул." ... " бр. .... С.», застапуван преку полномошник адвокат Билјана Крстевска, за «Утврдување на право на владение - право на користење», вредност «40.000.00» «ден»ари«», по одржаната главна јавна и усна расправа на ден 21.09.2016 година, во присуство на прво и второ тужителите лично, полномошникот на тужителите адвокат Љубе Силјановски и полномошникот на тужениот адвокат Билјана Крстевска«», на ден 30.09.2016«» година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителите И.К., В.Г. и С Г , сите од С., **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ УТВРДУВА** спрема тужениот А.П. од С. дека првотужителката К И има право на трајно користење на делот од КП.бр. ... за КО К во површина од 353м2, од кои 81м2 под зграда, 24м2 под помошни згради и 248м2 дворно место, во границите утврдени во вештиот наод на вештото лице од Г Ј ДООЕЛ С., како и дека тужителите и членовите на нивните семејство се стекнале со право на службеност на користење на премин преку дворното место на тужениот во С. на ул." ... " бр. ... , а во должина од 28м и широчина од 0,60м, во правец исток - запад, преку КП.бр. .... која ја владее тужениот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот А П ова право да им го признае на тужителите и да трпи промена во ИЛ. ... за КО К , како и да веднаш по добивањето на пресудата им овозможи на тужителите непречено користење на службеноста на пат за минување пеш преку неговото дворно место, да ги извади поставените бетонски столбови и жичана плетена ограда поставени на западниот крај на оградата, во широчина од 2 метри.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да им ги надомести на тужителите И.К., В.Г. и С.Г., сите од С. трошоците по постапка во вкупен износ од 76.140,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По повод тужбата на тужителите И.К., В.Г. и С Г , сите од С., против тужениот «А.П.» од «С.», за «Утврдување на право на владение - право на користење», вредност «40.000.00» «ден»ари«», судот на ден 06.03.2015 година донесе Пресуда XIX.П1-1020/13 со која тужбеното барање на тужителите И.К., В.Г. и С.Г., сите од С., го одби како неосновано.

Повисокиот суд постапувајќи по жалбата на тужителите изјавена против

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите:Лидија Мартинова, претседател на советот, Станка Зафировска и Агим Мислими, членови на советот, во правната работа на тужителот Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА С., против тужениот Љубе Симјановски од С., за долг, вредност на спорот 4.289,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужениот, поднесена против пресудата на Основен суд Скопје II С. МАЛВП - 1555/17 од 25.01.2018 година, на нејавната седница одржана на 27.09.2018 година, ја донесе следната

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужениот Љубе Симјановски од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основен суд Скопје II С. МАЛВП-1555/17 од 25.01.2018 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците по жалбена постапка - за поднесениот одговор на жалба во износ од 2.580,00 денари, во рок од 8 дена од преимот на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II С. со обжалената пресуда го усвоил тужбеното барање на тужителот Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА С., задолжен е тужениот Љубе Симјановски од С., на име регресен долг, да му плати на тужителот Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА С., износ од 4.289,00 денари со законска казнена камата во висина на референтата стапка на НБ на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени сметано од 08.10.2015 година до исплатата, како и да му ги надомести трошоците на постапката во износ од 6.420,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Незадоволен од пресудата останал тужениот кој со навремана жалба ја побива пресудата поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се усвои, а побиваната пресуда да се укине и предметот врати на повторно судење на истиот суд или истата да се преиначи на начин што тужбеното барање ќе се одбие како неосновано.

Рев2.бр.1180/2010

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Зирап Лимани - претседател на советот, д-р Милка Ристова, Беса Адеми, Фаик Арслани и Јелица Крстевска - членови на советот, во правната работа на предлагачот ЈУ Центар за социјална работа Кратово, против противниците Зорица Иванова и Марјан Марковски, двајцата од Кратово, по предлозите за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство, одлучувајќи по ревизијата од противникот Зорица Иванова од Кратово, преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, изјавена против решението на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.1020/10 од 10.03.2010 година, на седницата одржана на ден 04.10.2012 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Ревизијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд во Кратово со решение ВПП.бр.33/09 од 16.11.2009 година, го усвоил предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство, поднесен од ЈУ Центар за социјална работа Кратово и на лицата Зорица Иванова од Кратово и Марјан Марковски од Кратово, им изрекол привремена мерка за заштита од семејно насилство „забрана да се закануваат, малтретираат и вознемируваат за време на земањето и враќањето на нивниот заеднички син Мануел во периодот на одржување на личните односи и контакти“. Привремената мерка ќе трае 12 месеци сметано од денот на донесувањето на решението. Го задолжил ЈУ Центарот за социјална работа Кратово на секој 3 месеци да го известува судот за спроведување на изречената мерка и определил дека жалбата не го одлага извршувањето на решението.

«Рев2.бр.82/2015»

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Зирап Лимани«» - претседател на советот, Васил Грчев, Мирјана Радевска Стефкова, Емилија Илиевска и Снежана Ѓорѓиеска Зекирија«» - членови на советот, во правната работа на тужителот «Љубомир Ангеловски» од «С.», против тужените «Перица Ангеловски» и Соња Атанасиева, двајцата од С., за утврдување право на сопственост, вредност 100.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот Перица Ангеловски, изјавена преку полномошникот Љубе Симјановски, адвокат од С., против пресудата на Апелациониот суд «С»копје«» «ГЖ.бр.803/13» од 26.09.2013 година, на седницата одржана на ден 05.05.2016 година«», донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Ревизијата СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда П.бр.513/10 од 18.04.2012 година го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот, со кое барал да се утврди дека истиот е сопственик на физички одвоениот дел од недвижниот имот, кој се наоѓа на ул....... бр......., со мери и граници конкретно наведени во изреката на пресудата, по основ на купопродажба на истиот заедно со сега покојниот А.А. и сега тужените Перица Ангеловски, Верица Ангелоска и Соња Атанасиева и одршка по пат на владение како совесен владител, како и по основ на заедничко вложување во семејниот имот, заедно со покојниот А.А., кој се наоѓа на југозападната страна на бараката на ул....... бр...... и да се задолжат тужените ова право да му го признаат во рок од 15 дена од приемот на пресудата. Задолжен е тужителот на првотужениот да му ги надомести трошоците сторени во постапката во вкупен износ од 194.048,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Апелациониот суд Скопје«» со пресуда ГЖ.бр.803/2013 од 26.09.2013 «»година, во делот под I од изреката, жалбата на тужителот делумно ја уважил, а жалбата на тужената Соња Атанасиева ја одбил како неоснована. Судот ја потврдил првостепената пресуда во делот каде е

Р.

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ, Илир Сулејмани** постапувајќи по приговорот поднесен од адвокат Љубе Симјановски од С. за должникот..... од С., по предметот «И».бр.8145/16«» на извршителот «».... од С., согласно чл.77 од ЗИ, на ден «07.12..2016» «»година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од адвокат Љубе Симјановски од С. за должникот ...од С., против Налогот за извршување И.бр.8145/16 од 26.10.2016 година на извршителот .... од С..«» **СЕ ОТФРЛА КАКО ПОДНЕСЕН ОД НЕОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

До Претседателот на овој суд адвокат Љубе Симјановски од С. за должникот.... од С., поднесе приговор против Налогот за извршување И.бр.8145/16 од 26.10.2016 година на извршителот .....од С.. Адвокат Љубе Симјановски кон приговорот не приложи полномошно од должникот.

Со писмо ППНИ.бр.926/16 од 17.11.2016 година Претседателот на овој суд го задолжи Адвокат Љубе Симјановски во рок од 3 дена по приемот на писмото да достави уредно полномошно од должникот .... од С., со напомена дена во спротивно приговорот ќе бие отфрлен како поднесен од неовластено лице.

Писмото било уредно доставено до Адвокат Љубе Симјановски кој истото го примил на ден 22.11.2016 година, што е видно од доставницата за лична достава приложена во списите на предметот.

Со оглед дека адвокат Љубе Симјановски не постапи по задолжението од писмото ППНИ.бр.926/16 од 17.11.2016 година и во рок од 3 дена по приемот на писмото не достави полномошно од должникот..... од С., следуваше согласно чл.77 од ЗИ да се одлучи како во изреката на решението.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ, под «ППНИ-926/16» од «17.11.2016» «»година.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ**
**Илир Сулејмани**

**ВПП1.бр.58/18**

**ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО**, како првостепен вонпроцесен суд со судијата **ДУШАНКА МЕРЏАНОСКА** како судија поединец, решавајќи по предлогот на предлагачот **Н.Е.** од Т. ул. бр. застапуван од полномошникот Дарко Карев адвокат од Т., против противниците **Б.К.** од Н. ул. бр. и **Г.К.** од Н. ул. бр.застапувани од полномошникот Љубе Симјановски адвокат од Скопје ул.Иван Козаров бр.47, за **ФИЗИЧКА ДЕЛБА**, на ден **30.11.2018** год. го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** предлогот на предлагачот Н.Е. од Т. ул. бр. **за физичка делба.**

**СЕ ВРШИ ФИЗИЧКА ДЕЛБА** на недвижен имот во градежен реон сосопственост на предлагачот Н.Е. од Т. ул. бр. идеален дел 243/433 и противниците Б.К. од Н. ул. бр. сосопственик на идеален дел 95/433 и Г.К. од Н. ул. бр.,сосопственик на 95/433 идеален дел на недвижен имот опишан по ИЛ.бр. на КО Т.-1, и тоа.КП бр. ул. к.к. г.з, Гиз во површина од 190м2,КП бр. на м.в. к.к.,гз ,зпз 1 во површина од 243м2.

**I.**

На предлагачот **Н. Е** од Т. ул бр. во дел сопственост и владение му припадна (1/1) на следниот недвижен имот и тоа:

-дел од КП.бр. гиз, со површина од 228м2 (гиз-127м2, зпз 1-21м2, зпз 2-20м2, зпз 3-16м2, зпз 4-13м2, зпз 5-16м2 и зпз 6-15м2) кој дел во иднина ќе носи КП.бр.

Површината од 228м2 е ограничена со страните 3-4-5-6-7 (северозапад) во должина од 3,9м, 5,0м, 2,2м и 4,0м, страните 7-8-9 (североисток) во должина од 9,3м и 15,8м, страната 9-10 (југоисток) во должина од 9,6м и страните 10-15-14-3 (југозапад) во должина од 5,3м, 7,6м и 7,2м.

**II.**

На противниците **Б. К** од Н. ул. бр. и **Г. К** од Н. ул. бр. во дел сосопственост и владение им припадна на по (1/2) од следниот недвижен имот и тоа:

-дел од КП.бр. со вкупна површина од 205м2 (гиз-63м2, зпз 1-97м2, зпз 2-16м2, зпз 3-15м2 и зпз 4-14м2) кој дел во иднина ќе носи КП.бр.

Површината од 205м2 е ограничена со страната 1-2 (северозапад) во должина од 7,7м, страните 2-3-14-15-10 (свероисток) во должина од 5,0м, 7,2м, 7,6м и 5,3м, страната 10-11 (југозапад) во должина од 9,0м и страните 11-12-13-1 ( југозапад) во должина од 5,3м, 7,4м и 12,2м.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** противниците да на предлагачот солидарно му ги надоместат трошоците во вкупен износ од 8.626,ооден,во рок од 15 дена по правосилноста на решението, а под страв на присилна наплата.

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Анита Бошковска, претседател на советот, Букурије Ајдини и м-р Амир Абдулаи, членови на советот, во правната работа на тужителот ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, против тужениот А.С. од Скопје, за долг, вредност на спорот 6.662,00 денари, постапувајќи по жалбата на тужениот, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, против решението на Основен суд Скопје II Скопје ПЛ1-3876/13 од 24.12.2013 година, на нејавната седница на советот одржана на 05.06.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужениот, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

РЕШЕНИЕТО на Основен суд Скопје II Скопје ПЛ1-3876/13 од 24.12.2013 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжаленото решение констатирал повлекување на тужбата на тужителот ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје од Скопје, против тужениот А.С., за долг вредност на спорот 6.662,00 денари. Го укинал решението донесено од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје УПДР 783/13 од 28.01.2013 година во овој дел. Приговорот на тужениот изјавен преку полномошник Љубе Симјановски од Скопје, е беспредметен. Го задолжил тужениот да му ги надомести трошоците во постапката на тужителот во износ од 2.570,00 денари , во рок од 8 дена од приемот на одлуката. Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоците во постапката за износ од 1.070,00 денари - го одбил како неосновано.

Незадоволен од ваквото решение останал тужениот, кој преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, изјавил навремена жалба со која го обжали наведеното решение, поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право, како и поради одлуката за трошоците на постапката, со предлог жалбата да се уважи, а обжаленото решение да се преиначи и одлучи во смисла на жалбените наводи.

Одговор на жалбата не е поднесен.

Советот на Апелациониот суд Скопје по разгледување и оцена на

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите Лидија Мартинова, претседател на советот, Станка Зафировска и Агим Мислими, членови на советот, во правната работа на тужителката Олга Камшикоска од С., против првотужениот Ристо Папазов, второтужената Елеонора Папазова, третотужениот Стрезо Камшикоски сите од С., четвртотужениот Игор Камшикоски од П. и петотужената Јасмина Николоска од П., за Утврдување право на сопственост, склучување договор за купопродажба и поништување на хипотека, вредност на спорот 1.500.000,00 денари, одлучувајќи по жалбата на прво и второтужените, изјавена преку полномошник Драган Алексов, адвокат од С. и по жалбата на тужителката, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., поднесени против решението за парнични трошоци содржано во пресудата на Основен суд Скопје II С. П1.бр.644/14 од 01.11.2017 година, на нејавната седница одржана на 28.06.2018 година, ја донесе следната

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на прво и второтужените, изјавена преку полномошник Драган Алексов, адвокат од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ЖАЛБАТА на тужителката, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., СЕ УВАЖУВА.

РЕШЕНИЕТО за парнични трошоци содржано во пресудата на Основен суд С. II С. П1.бр.644/14 од 01.11.2017 година, во делот за првотужениот Ристо Папазов и второтужената Елеонора Папазова, СЕ ПОТВРДУВА.

РЕШЕНИЕТО за парнични трошоци содржано во пресудата на Основен суд С. II С. П1.бр.644/14 од 01.11.2017 година, во делот за тужителката Олга Камшикоска, СЕ УКИНУВА и решението во тој дел се враќа на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

Барањето на тужителката за надомест на трошоци во жалбената постапка, за поднесениот одговор на жалба СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Првостепената пресуда, како необжалена и првостепеното решение во останатиот необжален дел ОСТАНУВААТ НЕИЗМЕНЕТИ.

О б р а з л о ж е н и е

Основен суд Скопје II со првостепената пресуда под I од изреката, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителката Олга Камшикоска од С., па

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите: Јованка Никодиновска претседател на советот, Надица Андреева и Абдула Лимани членови на советот, во правната работа на тужителот Заштитно друштво за производство, трговија и услуги Џезо Компани ДООЕЛ Струга, против тужениот ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, за надомест на штета, вредност на спорот 14.026.541,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужителот изјавена преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје и по жалбата на тужениот изјавена преку Адвокатско друштво Чукиќ и Марков од Скопје, против пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје ТС.бр.100/13 од 3.1.2014 година, на нејавната седница на советот одржана на 5.12.2014 година, ја донесе следната :

П Р Е С У Д А

ЖАЛБИТЕ на тужителот и тужениот, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопеј II Скопје ТС.бр.100/13 од 3.1.2014 година, во обжалениот дел под римско I и под римско II став 2 од изреката, СЕ ПОТВРДУВА.

Истата пресуда во необжалениот дел под римско II став 1 од изреката, ОСТАНУВА НЕИЗМЕНЕТА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, да му ги надомести на тужителот Заштитно друштво за производство, трговија и услуги Џезо Компани ДООЕЛ Струга, трошоците сторени во жалбена постапка во вкупен износ од 29.850,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата, а под закана на присилно исполнение.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжалената пресуда под I делумно го усвоил прецизираното тужбено барање на тужителот па го задолжил тужениот да му ја надомести нанесената штета на тужителот во износ од 2.166.641,00 денари на име надомест на испуштена корист со камата според ЗВСЗК прецизирано - сметано од 10.10.2008 година до 31.1.2010 година, а од 1.2.2010 година до конечната исплата со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени, во рок од 8 дена од приемот на пресудата. Тужбеното барање на тужителот да се задолжи тужениот да му ја надомести нанесената штета на тужителот за разликата од побараниот износ од 6.499.923,00 денари до досудениот износ од 2.166.641,00 денари или за разликата во износ од 4.333.282,00 денари со камата прецизирано од 10.10.2008 година до 31.1.2010 година, а од 1.2.2010 година до конечната исплата со

«9»«П1-88/15»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ ,** како првостепен парничен суд преку судијата Кети Германова како судија поединец постапувајќи по тужбата на тужителот Д. С. од С. ул. .......... бр....... застапуван од полномошник Љубе Симјановски адвокат од С. ул. ....... бр.........., против тужениот Ј. Г. од С. ул. ........ бр. ......... застапуван од полномошник Гоце Ристовски адвокат од С. ул. ..........ст......., за предавање во владение, вредност на спорот 40.000,оо денари , на рочиштето за главна расправа одржано на 24.12.2015 година во присуство на тужителот лично со полномошник Љубе Симјановски адвокат од С. и полномошникот на тужениот Марина Давиткова стручен соработник кај адвокат Гоце Ристевски од С. на ден 31.12.2015 година, ја донесе и јавно ја објави следната

**П Р Е С У Д А**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот Д. С. од С.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Ј. Г. од С. да ја предаде на тужителот Д. С. од С. во владение куќата и дворно место во С. ул. .......... бр........... заведена на КП бр........... во ИЛ .......... за КО К. В. 1 која се состои од помошна просторија на велз 001, кат 001, број 002, во површина од 13м2 , стан во влез 001, кат 001, број 002 во површина од 80м2, стан во влез 001, мансарда број 003, во површина од 86м2 , помошна просторија во влез 001, мансарда бр. 003, во површина од 13м2, простории во влез 001, подрум бр. 001, во површина од 86м2, и стан во влез 001, приземје број 001 во површина од 82м2 , запишани во лист В , како и дворно место на КП бр......... во површина од 179м2 и земјиште по зграда 1 во површина од 123м2 во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Ј. Г. од С. да му ги надомести на

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Анита Бошковска, претседател на советот, м-р Ѓорѓи Радојков и Нуман Лимани, членови на советот, во правната работа на тужителот Друштво за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПОЛЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ГРУП ДООЕЛ С. од С., против тужениот Љубе Симјановски од С., за долг, вредност на спорот 21.159,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужителот изјавена преку Адвокатско друштво Чукиќ и Марков од С. против пресудата на Основниот суд Скопје II С. ПЛ1-П-2884/15 од 24.02.2016 година, на нејавната седница одржана на 05.01.2018 година, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужителот изјавена преку Адвокатско друштво Чукиќ и Марков од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје II С. ПЛ1-П-2884/15 од 24.02.2016 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците сторени во постапката по жалба во износ од 4.110,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II С. со обжалената пресуда го усвоил приговорот на тужениот Љубе Симјановски од С. против решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР.бр.... од 12.11.2015 година на нотар Весна Стојчева за подрачјето на Основните судови на Град С., па Решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР.бр.... од 12.11.2015 година на нотар Весна Стојчева за подрачјето на Основните судови на Град С., со кое се задолжува тужениот Љубе Симјановски од С., да му плати на тужителот Друштво за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПОЛЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ на име главен долг износ од 21.159,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени и тоа: на износ од 2.910,00 денари за месец 01.2015 година сметано од 17.02.2015 година до конечната исплата; на износ од 2.910,00 денари за месец 02.2015 година сметано од 17.03.2015 година до конечната исплата; на износ од 2.910,00 денари за месец 03.2015 година сметано

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата Јехона Садику како судија поединец, постапувајќи по правната работа на тужителот М.Д. од Скопје, против тужениот Александар Дрогрешки од Скопје, за долг, вредност 93.262.00 денари по одржаната главна јавна и усна расправа на ден 22.05.2013 година, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Љубе Симјановски од Скопје и тужениот лично со полномошникот адвокат Валентина Лазарева од Куманово, а на ден 28.05.2013 година, ја донесе и јавно ја објави следната

**П Р Е С У Д А**

**I**

Прецизираната тужба и тужбено барање на тужителката со кое бара да се задолжи тужениот А.Д. од Скопје да и плати на тужителката долг по основ награда за застапување за извршена адвокатска услуга во износ од 83.759,00 денари, со Законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени од паѓањето во задоцнување 01.03.2011 година, до исплатата **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**II**

**СЕ УСВОЈУВА** противтужбеното барањее на тужениот противтужител А.Д. од Скопје.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужителата-противтужената адв. М.Д. од Скопје да му исплати на тужениот-противтужител А.Д. сума во износ од 9./503,00 денари и тоа: по основ на процесни и извршни трошоци во делот на однапред платените процесни трошоци досудени со пресуда РО.бр.3092/07 од 10.09.2008 година на Основен суд Скопје-2-Скопје чија наплата е реализирана на сметка на тужителката -противтужената во извршната постапка И.бр.72/09 на извршител Јулита Ѓорѓиева од Скопје во износ од 4.653,00 денари, по основ на извршните трошоци авансирани од тужениот- противтужител во извршната постапка И.бр.72/09 на извршител Јулита Ѓорѓиева од Скопје во износ од 4850,00 денари. со законска затезна камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие а зголемена за 8 процентни поени сметано од денот на поднесување на противтужбата до конечната

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Анита Бошковска, претседател на советот, Букурије Ајдини и Маја Маркова Котевска, членови на советот, во правната работа со предлог за издавање на привремена мерка на тужителот С.Н. од с.Росоман - Кавадарци, против тужениот М.Е., за смеќавање и одземање на владение, вредност на спорот 40.000,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужителот изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, против решението на Основен суд Скопје II Скопје П1.бр.240/14 од 15.07.2014 година, на нејавната седница на советот одржана на 04.12.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужителот изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, СЕ УВАЖУВА.

РЕШЕНИЕТО на Основен суд Скопје II Скопје П1.бр.240/14 од 15.07.2014, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа пред првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжаленото решение под I го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот С.Н. од с.Росоман - Кавадарци, да се утврди дека тужениот М.Е. од Скопје на ден 23.03.2014 година влегол неовластено во куќата на тужителот, а на ден 25.03.2014 година ја извадил влезната врата и поставил друга врата со клуч, ја заклучил вратата за да не може тужителот да влегува во куќата, со што му го нарушил владението на куќата на ... во Злокуќани со КП бр.237/1 и 234/9 КО Злокуќани, па да се задолжи тужениот веднаш по приемот на решението да го поврати владението на тужителот, на тој начин што ќе ја врати и постави влезната врата на тужителот, а ја извади вратата која ја поставил и во иднина се овздржува од вакви и слични дејствија со кои го нарушува владението на тужителот на предметната куќа и двор, под закана од кривична и материјална одговорност, а се во рок од 8 дена од приемот на решението, под страв на присилно извршување. Под II судот го одбил како неоснован предлогот на тужителот да се определи привремена мерка спрема тужениот М.Е. од Скопје со кој да му се забрани на тужениот да пристапува во куќата и дворот, под закана од кривична и материјална одговорност и под III го задолжил тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците на постапката во износ од 12.480,00 денари во рок од 8 дена по приемот на решението.

Незадоволен од ваквата одлука на судот, тужителот преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, изјавил навремена жалба со која го побива решението поради суштествени повреди на одредбите на ЗПП, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право. Предлага жалбата да се уважи, а обжаленото решение

«8» «П1-1019/13»

**Р.**

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен граѓански суд и тоа судијата «Јованка Спировска Панева» како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот «Лазо Зафировски», «...» од «Скопје» , против тужениот «Душан Велков», «...»2«» од «Скопје»,за «нарушено владение», вредност на спорот «40.000.00» «Ден.», на рочиште за главна расправа на ден «05.05.2014» година, во присуство на полномошникот на тужитетлот адвокат Љубе Симјановски и полномошникот на тужениот адвокат Страхил Пеливанов го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на тужбата на тужителот Лазо Зафировски од Скопје, против тужениот Душан Велков од Скопје, за нарушено владение, вредност на спорот 40.000,00 денари.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците на постапката во износ од 2.600,00 денари во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука под страв на присилно извршување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужитетлот Лазо Зафировски од скопје на ден 09.10.2013 година, до овој суд поднесе тужба против тужениот Душан Велков од Скопје, за нарушено владение, вредност на спорот 40.000,00 денари.

На рочиштето за главна расправа на ден 05.05.2014 година, полномошникот на тужителот изјави дека тужителот ја повлекува тужбата, со кое повлекување се согласи полномошникот на тужениот кој побара да му бидат надоместени на тужениот трошоците на постапката за состав на писмен одговор на тужба.

Постапувајќи по изјавата за повлекување на тужбата, судот донесе решение како во диспозитивот и согласно член 183 од ЗПП го констатира повлекувањето.

Одлуката за троѓоците на постапката, судот ја донесе согласно член 152 од ЗПП па со оглед на тоа што тужителот ја повлече тужбата должен е на тужениот да му ги надомести трошоците за состав на одговор на тужба во износ од 2.600,00 денари.

**Р.**

**ВД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ, Ѓорѓи Радојков,** постапувајќи по приговорот од должникот «» «Д.П.К.У Нов Живот Скопје» од «Скопје»,«» по предметот «» И.бр.2278/14 на извршителот «»ГоранТошевски од Скопје«», согласно чл.77 од ЗИ, на ден «13.11.2014» година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од должникот «» «Д.П.К.У Нов Живот Скопје» од «Скопје»,«» преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, против налозите за извршување И.бр.2278/14 од 28.10.2014 година на извршителот Горан Тошевски од Скопје«», **СЕ ОДБИВА.**

***О б р а з л о ж е н и е***

До Претседателот на овој суд должникот «Д.П.К.У Нов Живот Скопје» од «Скопје»,«» преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, поднесе приговор против налозите за извршување И.бр.2278/14 од 28.10.2014 година на извршителот Горан Тошевски од Скопје. Во приговорот должникот преку својот полномошник наведе дека полномошникот на доверителот «»,врз основа на правосилно решение 15 ТС бр.350/10 од 10.12.2012 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје потврдено со решение ТСЖ бр.2121/14 од 12.09.2014 година на Апелациониот суд Скопје, поднел предлог за присилно извршување на наведеното решение, по основ на досудените трошоци по постапката кај извршителот Горан Тошевски од Скопје. При поднесувањето на предлогот за извршување, полномошникот на доверителот не го известил извршителот, дека над доверителот е отворена стечајна постапка со решение СТ.бр.2449/14 од 12.09.2014 година, односно пред извршноста на извршната исправа.

Во одговор на приговорот, извршителот Горан Тошевски од Скопје наведе дека, доверителот Жито Скопје АД За производство на брашно, ориз,тестенини, сточна храна и промет на мало и големо Скопје, застапуван преку полномошник адвокат Васил Миовски од Скопје, поднел барање за спроведување на извршување заради наплата на трошоци на постапката, засновано врз правосилна и извршна исправа - решение 15 ТС - 350/10 од 10.12.2012 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје потврдено со решение ТСЖ-2121/14 од 12.09.2014 година на Апелациониот суд Скопје, извршителот издал налог за извршување И.бр.2287/14 од 28.10.2014 година врз основа на чл.202 ст.1 од ЗИ, заради наплата на парично побарување на доверителот од должникот.

Постапувајќи по приговорот на должникот, ВД Претседателот на судот изврши увид во приговорот на должникот, во одговорот на

«19».«П1-560/16»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата Бесник Авдија како Претседател на совет и судиите поротници Ива Петрова и Ана Гроздановска како членови на советот, постапувајќи по правната работа на тужителот С.Н. од К., против тужените А.М. од С., ул. .. бр. ... како законски наследник на М М , бивш од С. и М.М. од С., ул. ... бр. .. како законски наследник на М М 1, бивш од С., за утврдување право на сопственост, вредност 40.000,00 денари, по одржаната главна, јавна и усна расправа на 30.05.2017 година, во присуство на тужителот лично со полномошник адвокат Љубе Симјановски од С. и полномошникот на тужените адвокат Билјана Крстевска од Адвокатска канцеларија Насер Рауфи од С., по советување и гласање на ден 07.06.2017 година, ја донесе и објави следната

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот С.Н. од с.Р , К., со кое бара да се утврди наспрема тужените А М и М.М. од С., дека тужителот Н С , по основ на купопродажба со усмен договор од 1976 година од претходниците на тужените и по основ на одржувачка и градба на куќа е сопственик на недвижен имот и тоа: КП.бр. .. во вкупна површина од 926м2 од кои земјиште под зграда 1 со површина од 70м2 и двор со површина од 856м2 со граници и мери: од север во должина од 3,40м и 11,85м од исток во должина од 31,20м, 17,10м, 6,00м, 6,00м и 4,15м од југ во должина од 5,30м и 8,55м и од запад во должина од 5,25м и 60,55м КО З , запишано на ИЛ.бр. .... и тоа идеален дел од 446/926 на име М М и 446/926 на име М М , а сега тужените, да се задолжат тужените да го признаат правото на сопственост на тужителот на недвижниот имот опишан во ст.2 од пресудата и да трпат промени во запишувањето во катастарската евиденција при Агенцијата за катастар на недвижности на град С., на име на тужителот, а пресудата да биде основ за запишување на таквото право на сопственост на тужителот, како и тужените да му ги надоместат трошоците по постапка, се во рок од 15 дена по приемот на пресудата, а под страв на присилно извршување, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужителот да им ги надомести трошоците по постапката на тужените во вкупен износ од 72.566,00 денари, во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на одлуката под страв на присилно извршување.

Барањето на полномошникот на тужените за надомест на трошоците за разликата од предјавениот износ од 84.734,00 дехнари до досудениот износ од 72.566,00 денари, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот во тужбата и на расправата наведе дека тужителот од тужените во 1976 година купил дел од нива со КП.бр. ... во м.в. Ј КО З во површина од 886м2, за што бил изготвен тогаш адвокатски договор. Во тоа време сопственик на земјиштето била мајката на тужените која како продавач

«ППНИ-721/14»

Р.

**ВД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ, Ѓорѓи Радојков,** постапувајќи по приговорот на должникот Славе Ивановски од Скопје преку полномошник адвокат «Љубе Симјановски» од «Скопје», по предметот «И».бр.755/14 на извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје «» согласно чл.77 од ЗИ на ден «12.09.2014»година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од должникот Славе Ивановски од Скопје против Налогот за извршување И.бр.755/14 од 16.05.2014 година на извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје , **СЕ ОДБИВА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

До Претседателот на овој суд должникот Славе Ивановски од Скопје преку полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје поднесе приговор против налогот за извршување И.бр.755/14 од 16.05.2014 година на извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје. Во приговорот наведе дека до должникот воопшто не е доставена извршната исправа од доверителот преку нотарот Светлана Лазаревиќ, така да оваа извршна исправа и не можела да стане извршна.Наведе дека видно од ставените клаузули на правосилност и извршност на извршната исправа - Решение за дозвола на извршување УПДР бр.148/13 од 16.07.2013 година, може да се види дека ова решение е фингирано и на ист ден станало правосилно и извршно, што не е во согласност со позитивните законски прописи.Наведе дека должникот никогаш не добил ниту предлог за извршување од доверителот,ниту решение за дозвола на извршување од нотарот , со што му е ускратено правото на приговор против истото и докажување на фактот дека не е сопственик на станот во Скопје на ул.Васил Ѓоргов бр.26/1-4, а со тоа и корисник на топлотната енергија на доверителот сметано од 13.10.2010 година кога со нотарски акт ОДУ бр.635/10 од 13.10.2010 година станот е продаден на Патриција Стојовска од Скопје.Предложи приговорот да се усвои и извршувањето по предметот И.бр.755/14 на извршител Магдалена Симовска Давидовиќ да се запре.

Во одговор на приговорот извршителот Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје наведе дека приговорот е неоснован во целост. Наведе дека наводите во приговорот не се однесуваат на неправилности сторени при извршувањето од страна на извршителот, туку исклучиво на постапката за донесување на извршната исправа - Решение УПДР бр.148/13 на нотар Светлана Лазаревиќ.Наведе дека ако должникот смета дека нотарот не извршил уредна достава на извршната исправа, треба да поднесе предлог за укинување на клаузулата за правосилност и извршност, а не приговор на неправилности при извршувањето.Доколку должникот го продал станот на трето лице ,наведе дека треба да се направи одјава и пријава на новиот сопственик во сите комунални претпријатија како тие би знаеле дека станот е продаден.Наведе дека налогот за извршување И.бр.755/14 од 16.05.2014 година е издаден по поднесено барање

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**- «»како првостепен граѓански суд преку судија поединец «Наташа Тодорова» , постапувајќи по тужбата на тужителот «» «Друштво за транспорт и шпедиција ЛИДО ТРЕЈД ДООЕЛ експорт-импорт В»елес ... «», против тужениот «» Друштво за транспорт , трговија и услуги КВАНТУМ ЛАП ДООЕЛ .../46 Скопје, за долг«», вредност «17.922,00» денари, по одржаната главна , јавна и усна расправа на ден 05.10.2015 година во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Марко Димов од Велес и полномошникот на тужениот адвокат Љубе Симјановски , на ден 05.10.2015«» година ја донесе и објави следната:

**П Р Е С У Д А**

Приговорот на тужениот ДТТУ КВАНТУМ ЛАП ДООЕЛ Скопје **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

Решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР број 52/15 од 21.05.2015 на нотар Верица Симоновска Синадинова од Скопје со кое се задолжува тужениот да му плати на тужителот на име главен долг износ од 17.922,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 10% поени сметано од 13.10.2013 до исплатата како и трошоци во износ од 5.141,00 денари **ОСТАНУВА ВО СИЛА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот на тужителот да му ги надомести процесни трошоци во висина од 4.295,00 денари во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоци во постапката за износ од 3.068,00 денари- **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот како доверител до нотар Верица Симоновска-

«3»«ТС-100/13»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата «Улбер Хасани» како претседател на советот и судиите поротници Аница Иваноска и Јусуф Ахметовиќ како членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителот Заштитно друштво за производство, трговија и услуги ЏЕЗО КОМПАНИ ДООЕЛ Струга, преку полномошници Слаѓана Цибрева, адвокат од Скопје, и Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, против тужениот ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за диструбуција на електрична енергија Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво Чукиќ и Марков од Скопје, по основ надомест на штета, вредност на спорот 14.026.541,00 денари, по одржаната главна, јавна и усна расправа заклучена на ден 19.12.2013 година, во присуство на полномошниците на тужителот и полномошникот на тужениот, а на ден 03.01.2014 година ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

**I**

Прецизираното тужбеното барање на тужителот Заштитно друштво за производство, трговија и услуги ЏЕЗО КОМПАНИ ДООЕЛ Струга **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за диструбуција на електрична енергија Скопје да му ја надомести нанесената штета на тужителот Заштитно друштво за производство, трговија и услуги ЏЕЗО КОМПАНИ ДООЕЛ Струга во износ од 2.166.641,00 денари на име надомест на испуштена корист со камата според ЗВСЗК прецизирано - сметано од 10.10.2008 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година до конечната исплата со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

Тужбеното барање на тужителот Заштитно друштво за производство, трговија и услуги ЏЕЗО КОМПАНИ ДООЕЛ Струга да се задолжи тужениот ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за диструбуција на електрична енергија Скопје да му ја надомести нанесената штета на тужителот за разликата од побараниот износ од 6.499.923,00 денари до досудениот износ од 2.166.641,00 денари

9-П1-925/14 и П1-926/14

**Р.**

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**, како првостепен парничен суд преку судијата Кети Германова ка ко судија поединец постапувајќи по тужбата на тужителот со предлог за издавање на привремена мерка на тужителот Стојан Николов од с.Росоман - Кавадарци, ..., застапуван од адвокат Љубе Симјановски адвокат од Скопје, .../17, против тужениот Ерол Мустафа од Скопје, ... застапуван од АК Рауфи од Скопје ..., за смеќавање и одземање на владение, вредност на спорот 40.000,00 денари, по одржаната главна, јавна и усна расправа на ден 12.03.2015година во присуство на полномошникот на тужителот со полномошникот на тужителот Љубе Симјановски адвокат од Скопје а во отсуство на полномошникот на тужениот уредно викан, на ден 20.03.2015 година го донесе и објави следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот Стојан Николов од с.Росоман - Кавадарци

**СЕ УТВРДУВА** дека тужениот Ерол Мустафа од Скопје на ден 23.03.2014 година влегол неовластено во куќата на тужителот, а на ден 25.03.2014 година го нарушил мирното владение на тужителот кое што го имал на недвижниот имот кој се наоѓа на КП 237/1 и 234/9 за КО Злокуќани на ... со тоа што извршил дејствие на тргање на влезната капија на дворното место и поставил неколку колци на кои поставил плетена жичана ограда во должина од 10 метри од северната страна гледано према улицата, а на столбовите претходно поставени од тужителот поставил железна двокрилна врата - порта која што ја затворил со жица со што му оневозможил на тужителот непречено да влегува, како и превзел дејствие на симнување на пластениците на дел од дворното место.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот на тужителот Стојан Николов од с.Росоман за издавање на привремена мерка **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ЗАБРАНУВА** на тужениот Ерол Мустафа од Скопје да пристапува во куќата и дворот на тужителот на ... Скопје и да превзема било какви дејствија во куќата и дворот под закана од кривична и материјална одговорност.

Времената мерка ќе трае до правосилно завршување на постапката по тужба, а стапува во сила веднаш со донесувањето.

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Елизабета Дуковска, претседател на советот, Снежана Бајлозова и Роза Георгиева, членови на советот, во правната работа на тужителот Д.П.К.У Нов Живот Скопје од Скопје против тужените 1. Ѓорѓија Трпчевски од Скопје, 2. Република Македонија, 3. Текос Македонски Фолклор, во стечај АД Тетово и 4. Жито Скопје АД Скопје, за утврдување право на сопственост за имот, поништување на договор за купопродажба и предавање во владение, вредност на спорот 600.000,00 денари, постапувајќи по жалбата на тужителот изјавена преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје поднесена против решението на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-350/10 од 15.2.2013 година, на нејавната седница на советот одржана на 12.09.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужителот СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

РЕШЕНИЕТО на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-350/10 од 15.2.2013 година, СЕ ПОТВРДУВА.

БАРАЊЕТО на четвртотужениот Жито Скопје АД Скопје, да му се досудат трошоци по повод поднесениот писмен одговор на жалба, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжаленото решение предлогот за враќање во поранешна состојба поднесен од тужителот Д.П.К.У Нов Живот Скопје, преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, го отфрлил како ненавремен.

Незадоволен од ваквото решение на првостепениот суд останал тужителот кој поднесе навремена жалба преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, со која го обжалува наведеното решение, поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапката, погрешно и нецелосно утвредена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, првостепеното решение да се укине и предметот врати на првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување.

Одговор на жалба изјавил четвртотужениот Жито Скопје АД Скопје преку полномошник Миовски Васил адвокат од Скопје, со кој во целост се побиваат наводите во жалбата и се предлага жалбата да се одбие како неоснована, а првостепеното решение да се потврди. Предјавува трошковник за состав на одговор на жалба во износ од 9.126,00 денари и такса за одговор на жалба во износ од 400,00 денари или вкупно износ од 9.526,00 денари.

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ-Граѓански суд,** како првостепен парничен суд преку судијата Загорка Поповска како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот Национално Биро за осигурување - Скопје ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.24 кат 4 преку полномошник адвокат Маруша Митровска од Скопје против тужените: Реџеп Абдиовски од с.Патишка Река ... - Скопје и ДТПУ Тујмада ДООЕЛ Скопје б...- ТЦ Буњаковец преку полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, за регресен долг, вредност 28.089,00 денари, на одржаната главна, јавна и усна расправа на ден 09.03.2015 година во присуство на полномошникот на тужителот Јанаки Митровски адвокат од Скопје со уредно заменичко полномошно од адвокатот Маруша Митровска од Скопје, прво тужениот не пристапи уредно викан, за второ тужениот полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, на ден 17.03.2015 година, ја донесе и објави следната

**П Р Е С У Д А**

**ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот Национално Биро за осигурување - Скопје.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** тужените Реџеп Абдиовски од село Патишка Река - Скопје и ДТПУ Тујмада ДООЕЛ од Скопје на име регрес да му исплатат на тужителот солидарно износ од 28.089,00 денари со законска казнена камата сметано од денот на поднесувањето на тужбата - 08.07.2014 година во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени до конечната исплата, како и тужените солидарно да ги надоместат трошоците по оваа постапка на тужителот во вкупен износ од 17.463,00 денари, се во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Барањето на тужителот на износот од 28.089,00 денари на име регрес да се смета законска казнена камата сметано од 06.02.2014 година до конечната исплата, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**О б р а з л о ж е н и е**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Анита Бошковска, претседател на советот, Гордана Ѓорчева и Афрдита Шеху Асани, членови на советот, во правната работа на тужителот Михајло Пејковски од С. против тужената Жаклина Стефановска од С., за испразнување на недвижност од ствари и луѓе, вредност на спорот 101.000,00 денари, одлучувајќи по жалбите на тужителот изјавена преку полномошник Дејан Тодоровиќ адвокат од С. и на тужената преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од С., против пресудата на Основниот суд Скопје 2 С. П1-1079/13 од 15.07.2015 година, на нејавната седница одржана на 03.11.2016 година, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

ЖАЛБИТЕ на тужителот изјавена преку полномошник Дејан Тодоровиќ адвокат од С. и на тужената преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од С., СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје 2 С. П1-1079/13 од 15.07.2015 година и Решението за трошоци составен дел на пресудата, СЕ ПОТВРДУВААТ.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот да и ги надомести на тужената трошоците сторени во постапката по жалба во износ од 7.800,00денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје 2 С. со обжалената пресуда го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот Михајло Пејковски од С. со кое барал тужената Жаклина Стефановска од С., да ја испразни од ствари и луѓе недвижноста која се наоѓа во С. на ул.Ефтим Спространов Општина во имотен лист бр.... за КО Кисела Вода 1, а која се состои од подрум од 19м2 приземје кое се состои од две соби, ходник, бања и помошна површина, тераса и кое има внатрешна површина од 44м2 станбен дел и 5м2 помошни површини, како и делот од градежното земјиште примен на користење, изразен во реални површински делови и да му ја предаде во владение на тужителот во ток од 15 дена по правосилноста на пресудата и да се задолжи со трошоци на постапката. Со решение составен дел на пресудата го задолжил тужителот да и ги надомести трошоците на постапката на тужената во вкупен износ од 32.580,00 денари во рок од 15 дена по приемот на пресудата под закана на присилно извршување. Поголемото барање на тужената да се задолжи тужителот да и ги надомести трошоците на постапката за разликата од досудениот до предјавениот износ го

**34 ПЛ1-П-47/18**

**Р.**

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ ГРАЃАНСКИ СУД,** како првостепен парничен суд и тоа судијата Мирјана Николовска Калчиноска како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот Друштво за осигурување УНИКА АД С. ул... бр..., застапуван од адв.Влатко Десподовски од С., против тужената Оливера Тодоровска од С. ул.Т. С. бр..., застапувана од адв.Љубе Симјановски од С., за долг, вредност на спорот 4.092,00 денари, на ден 19.04.2018 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Тужбата на тужителот Друштво за осигурување УНИКА АД С., против тужената Оливера Тодоровска од С., за долг, вредност на спорот 4.092,00 денари, со камата и трошоци, **СЕ СМЕТА ЗА ПОВЛЕЧЕНА.**

Решението за издавање на нотарски платен налог на нотар Дарко Стојкоски НПН.бр... од 28.12.2017 година, **СЕ УКИНУВА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужителот Друштво за осигурување УНИКА АД С. на тужената Оливера Тодоровска од С. да и ги надомести парничните трошоци во вкупен износ од 4.220,00 денари, а во рок од 8 дена од приемот на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот Друштво за осигурување УНИКА АД С., преку адв.Влатко Десподовски од С. до нотар Дарко Стојкоски, против тужената Оливера Тодоровска од С., поднел предлог за издавање на нотарски платен налог, по кое нотарот донел решение НПН.бр... од 28.12.2017 година со кое ја задолжил тужената Анастасија Атанасовски од С. во рок од 8 дена да му плати на тужителот парично побарување износ од 4.092,00 денари со казнена камата, како и трошоци во постапката пред нотар.

Тужената Оливера Тодоровска од С., преку адв.Љубе Симјановски од С. благовремено вложила приговор, приговарајќи дека побарувањето на тужителот е застарено, како и дека тужената премијата ја платила, бидејќи се работи за осигурување на возило од автоодговорност и возилото е регистрирано и управувано согласно тоа осигурување, па постапката продолжи како по тужба пред суд.

Судот постапувајќи по предметот, закажа рочиште на 19.04.2018 година во 10,00 часот, на кое рочиште никој не присуствуваше на страната на тужител, иако уредно беше повикан.

На рочиштето од 19.04.2018 година во 10,00 часот, присутен беше полномошникот на тужената, кој изјави дека се согласува со повлекувањето на тужбата, но побара трошоци и тоа за состав на приговор 1.300,00 денари, за такса за приговор износ од 60,00 денари, за состав на полномошно износ од 1.300,00 денари и за присуство на едно рочиште износ од 1.560,00 денари.

XXVII«» «П1-2897/12»

**Р.**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата «Весна Трајанова» како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот Дино Растодер с.Љубин ... од «Скопје», застапуван преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, против тужениот УНИКА Осигурување АД Скопје, Б...«» Скопје, за «надомест на штета», вредност на спорот «1.660.240,00» «ден»ари«», согласно чл.101 ст.1 во врска со чл.98 ст. 3, од Законот за парнична постапка – пречистен текст, вон рочиште на ден «19.12.2012» година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Тужбата на тужителот Дино Растодер од с.Љубин, Скопје, против тужениот УНИКА Осигурување АД Скопје, за надомест на штета, вредност на спорот 1.660.240,00 денари, **СЕ ОТФРЛА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот Дино Растодер од Скопје, преку својот полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, на ден 30.11.2012 година до овој суд поднесе тужба против тужениот УНИКА Осигурување АД Скопје, за надомест на штета, вредност на спорот 1.660.240,00 денари.

Постапувајќи по тужбата судот одлучи како во изреката на решението од следните причини:

Согласно чл.98 ст.3 од Законот за парнична постапка- пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.7 од 20.01.2011 година) е определено дека поднесоците мораат да бидат разбирливи и мораат да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат: означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, е-меил адреса и контакт телефон.

Согласно чл.101 ст.1 од Законот за парничната постапка поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат податоците од чл.98 ставовите (3), (4), (5) и (8) на овој закон или не се поднесени во доволен број примероци кога тие се поднесени во писмена форма, судот ќе ги отфрли.

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Елизабета Дуковска, претседател на советот, м-р Снежана Бајлозова и Роза Георгиева, членови на советот, во правната работа по приговорот на должникот Д.П.К.У Нов Живот од Скопје, по предметот И.бр.2287/14 на извршителот Горан Тошевски од Скопје, постапувајќи по жалбата на должникот изјавена преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје против решението на «Основен суд Скопје II» «Скопје ППНИ.бр.1019/14» од 13.11.2014 година, на нејавната седница одржана на «15.01.2015» година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на должникот, СЕ УСВОЈУВА.

РЕШЕНИЕТО на «Основен суд Скопје II» «Скопје ППНИ.бр.1019/14» од 13.11.2014 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА и СЕ ОДЛУЧУВА:

ПРИГОВОРОТ за неправислности при спроведување на извршување поднесен од должникот Д.П.К.У Нов Живот од Скопје, против налогот за извршување И.бр.2287/14 од 28.10.2014 година издаден од извршителот Горан Тошевски од Скопје, СЕ УСВОЈУВА.

СЕ УТВРДУВА дека извршителот Горан Тошевски од Скопје сторил неправилности при спроведување на извршувањето со издавање на налогот за извршување И.бр.2287/14 од 28.10.2014 година.

Налогот за извршување И.бр.2287/14 од 28.10.2014 година издаден од извршителот Горан Тошевски од Скопје и сите превземени извршни дејствија, СЕ СТАВААТ ВОН СИЛА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА доверителот Жито Скопје АД за производство на брашно, ориз, тестенини, сточна храна и промет на мало и големо Скопје да му ги надомести на должникот Д.П.К.У Нов Живот од Скопје трошоците сторени во жалбена постапка во вкупен износ од 7.650,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на решението, а под страв на присилно извршување.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II«» Скопје «»со обжаленото решение го одбил приговорот поднесен од должникот Д.П.К.У Нов Живот од Скопје, против налогот за извршување И.бр.2287/14 од 28.10.2014 година на извршителот Горан Тошевски од Скопје.

Незадоволен од решението останал должникот кој преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје поднесе навремена жалба, со која го обжали наведеното решение, поради сторени суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи,

27«» «П1-758/13»

**Р.**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата Весна Трајанова, како претседател на советот, постапувајќи по тужбата на тужителите «Иванка Камчевска», «...А» од «Скопје», «Весна Гоговска», «...-а» од «Скопје» и «Слободан Гоговски», «...-а» од «Скопје», преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, против тужениот «Александар Пендаровски», «...» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари«», согласно чл.101 ст.1, в.в. со чл.98 ст. 3 од Законот за парнична постапка – пречистен текст, вон рочиште на ден 20.08.2013 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителите «Иванка Камчевска» од «Скопје», «Весна Гоговска» од «Скопје» и «Слободан Гоговски» од «Скопје», против тужениот «Александар Пендаровски» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари«», **СЕ ОТФРЛА.**

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителите, преку својот полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, на 12.07.2013 година до овој суд поднесоа тужба против тужениот «Александар Пендаровски» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари.

Постапувајќи по тужбата судот одлучи како во изреката на решението од следните причини:

Согласно чл.98 ст.3 од Законот за парнична постапка-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.7/2011) е определено дека поднесоците мораат да бидат разбирливи и мораат да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат: означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, е-меил адреса и контакт телефон.

Согласно чл.101 ст.1 од Законот за парничната постапка поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат податоците од чл.98 ставовите (3), (4), (5) и (8) на овој

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите М-р Амир Абдулаи, претседател на советот, Фатмир Скендер и Маја Маркова Котевска , членови на советот, во правната работа на тужителот Стојан Николов«» од Кавадарци, против тужените Ајрије Мустафа«» од С. како законски наследник на Мирвете Мустафа бивш«» од С. и Мирвете Мстафа од С. како законски наследник на Музафер Мустафа бивш од С., за утврдување право на сопственост«» вредност на спорот 40.000,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужителот изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., против пресудата на «Основен суд Скопје II» С.«» «П1-560/16» од 07.06.2017 година, на нејавната седница на советот одржана на «13.09.2018» година, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужителот Стојан Николов«» од Кавадарци изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на «Основен суд Скопје II» С.«» «П1-560/16» од 07.06.2017 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд С. II С. со обжалената пресуда го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот Стојан Николов«» од Кавадарци со кое бара да се утврди наспрема тужените Ајрије Мустафа и Мирвете Мустафа од С. дека тужителот Николов Стојан по основ на купопродажба со усмен договор од 1976 година од претходниците на тужениоте и по основ на одржувачка и градба на куќа е сопственик на недвижен имот и тоа: КП.бр. во вкупна површина од 926 м2 од кои земјиште под зграда 1 со површина од 70 м2 и двор соповршина од 856 м2 со граници и мери: од север во должина од 3,40 м и 11,85 м од исток во должина од 31,20м, 17,10м, 6,00м, и 4,15м од југ во должина од 5,30 и 8,55м и од запад во должина од 5,25м и 60,55м КО З, запишано на ИЛ.бр.и тоа идеален дел од 446/926 на име Мустафа Мустафа и 446/926 на име Музафер Мустафа, а сега тужените да се задолжат тужените да го признаат правото на сопственост на тужителот на недвижниот имот опишан во ст.2 од пресудата и да трпат промени во запишувањето во катастарската евиденција при Агенцијата за катастар на недвижности на град С., на име на тужителот, а пресудата да биде основ за запишување на тековното право на сопственост на тужителот, како и тужените да му ги надоместат трошоците на таквото право на сопственост на тужителот, како и тужените да му ги надоместат трошоците по постапката се вор ок од 15 дена по приемот на пресудата, а под страв на присилно извршување. Го задолжил

## ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен граѓански суд преку судијата Андреј Димовски - судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот Михајло Пејковски од Скопје, ул.Ефтим Спространов бр.31, застапуван од полномошник адвокат Дејан Тодоровиќ од Скопје ул.Македонија бр.12 кат 1 канцеларија 2, против тужената Жаклина Стефановска од Скопје, бул.АВНОЈ (АСНОМ) зграда 24, влез 2, стан 29, застапувана од полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, ул.Иван Козаров 47, за испразнување на недвижност од ствари и луѓе, со вредност на спорот во износ од 101.000,00 денари, по одржаната главна, јавна и усна расправа на ден 09.07.2015 година, во присуство на тужителот лично и полномошникот на тужителот адвокат Велимир Тодоровиќ со уредно полномошно и тужениот лично со полномошник адвокат Љубе Симјановски, на ден 15.07.2015 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот Михајло Пејковски од Скопје, со кое бара тужената Жаклина Стефановска од Скопје да ја испразни од ствари и луѓе недвижноста која се наоѓа во Скопје на ул.„Ефтим Спространов“ бр.31, опишана во Имотен лист бр.53103 за КО Кисела Вода 1, а која се состои од подрум од 19 м2, приземје кое се состои од две соби, ходник, бања и помошна површина, тераса и кое има внатрешна површина од 44 м2 станбен дел и 5 м2 помошни површини, како и делот од градежното земјиште примен на користење, изразен во реални површински делови и да му ја предаде во владение на тужителот во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, и да се задолжи со трошоци на постапката, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужителот Михајло Пејковски од Скопје да и ги надомести трошоците во постапката на тужената Жаклина Стефановска од Скопје, во вкупен износ од 32.580,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата, под закана на присилно извршување.

Поголемото барање на тужената да се задолжи тужителот да и ги

«РОЖ.бр.-1048/13»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите д-р Зоран Михајлоски, претседател на советот, Блаже Трпевски и Јован Јовановски, членови на советот, во правната работа на тужителката Ц.Ц. од Скопје, против тужениот Друштво за производство на конфекција и услуги Нов Живот ДОО увоз-извоз Скопје, за неисплатена испратнина, вредност на спроот 38.500,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужениот, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, против пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје «РО.бр.952/12» од 25.04.2013 година, на нејавната седница одржана на «13.11.2013» година, донесе

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужениот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје 2 Скопје «РО.бр.952/12» од 25.04.2013 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците за одговор на жалба во вкупен износ од 4.500,00 денари, во рок од 8 дена од приемот на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје 2 Скопје со обжалената пресуда делумно го усвоил тужбеното барање на тужителката и го задолжил тужениот да и исплати на тужителката на име неисплатена испратнина вкупен износ од 11.000,00 денари со законска казнена камата сметано од денот на поднесување н тужбата 11.12.2012 година, па до исплатата, како и да и исплати на тужителката камата на име исплатена испратнина пресметана на износ од 5.500,00 денари и тоа законска казнена кама сметано од денот на поднесување на тужбата 11.12.2012 годна до 31.01.2013 година, на износ од 5.500,00 денари и тоа законска казнена камата сметано од поднесување на тужбата 11.12.2012 година до 05.03.2013 година, на износ од 5.500,00 денари и тоа законска казнена камата сметано од денот на поднесување на тужата 11.12.2012 година до 01.04.2013 година, како и да и ги надомести трошоците по постапката во износ од 16.176,00 денари. Поголемото тужбено барање на тужителката со кое бара да се задолжи тужениот да и исплати на тужителката на име камата на износот од 5.500,00 денари за неисплатен годишен одмор, законска казнена камата од 11.12.2012 година до 04.01.2013 година до исплатата, го одбил како неосновано. Со решение констатирал

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите: Лидија Мартинова, претседател на советот, Агим Мислими и Станка Зафировска, членови на советот во правната работа на тужителите Жанета Чонтева и Миа Чонтева, двете од С., против тужената Милица Чонтева од В., за долг, вредност на спорот 29.000,00 евра, постапувајќи по жалбите на тужената, изјавени преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., против решението на Основен суд Скопје II С. П4-230/17 од 20.11.2017 година и решението на Основен суд Скопје II С. П4-230/17 од 11.01.2018 година, на нејавната седница одржана на 05.12.2018 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБИТЕ на тужената, изјавени преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

РЕШЕНИЕТО на Основен суд Скопје II С. П4-230/17 од 20.11.2017 година и РЕШЕНИЕТО на Основен суд Скопје II С. П4-230/17 од 11.01.2018 година, СЕ ПОТВРДУВААТ.

Барањата на тужителките за надомест на трошоци по жалбена постапка – за поднесените одговори на жалба, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопеј II С. со обжаленото решение од 20.11.2017 година констатирал дека противтужбата на тужената - противтужителка против тужителките - противтужени, за долг, вредност на спорот 29.000,00 евра, се смета за повлечена.

Незадоволна од ова решение останала тужената, која преку нејзиниот полномошник, поднела навремена жалба поради сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, а обжаленото решение да се преиначи согласно жалбените наводи.

Одговор на жалба е поднесен од тужителките, преку полномошник Вулнет Пачуку, адвокат од С., со предлог жалбата да се одбие како неоснована, а обжаленото решение да се потврди. Предјавени се трошоци за поднесениот одговор на жалба.

**«X»IX.«»«П1-1020/13»**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата «Бесник Авдија» како судија поединец, постапувајќи по правната работа на тужителите «И.К.», ... А, В.Г., ...-а и С.Г., ...-а, сите тројца«» од «Скопје», застапувани преку полномошник адвокат Љубе Силјановски, против тужениот «А.П.» од «Скопје», «... Скопје», застапуван преку полномошник адвокат Билјана Крстевска, за «Утврдување на право на владение - право на користење», вредност «40.000.00» «ден»ари«», по одржаната главна јавна и усна расправа на ден 26.02.2015 година, во присуство на прво и второ тужителите лично, полномошникот на тужителите адвокат Љубе Силјановски, тужениот лично со неговиот полномошник адвокат Билјана Крстевска«», а на ден «06.03.2015» година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителите И.К., В.Г. и С.Г., сите од Скопје, со кое бараат да се утврди спрема тужениот А.П. од Скопје дека тужителите И.К., В.Г. и Слободан, имаат право на трајно владение на делот од КП.бр.4102 за КО Карпош во површина од 353м2, од кои 81м2 под зграда, 24м2 под помошни згради и 248м2 дворно место, во границите утврдени во вештиот наод на вештото лице од Гео Јованов ДООЕЛ Скопје, како и дека тие и членовите на нивните семејства се стекнале со службеност на користење на премин преку дворното место на тужениот во Скопје на ...-а, а во должина од 15м и широчина од 2м, во правец исток - запад, преку КП.бр. 4102 која ја владее тужениот, па се задолжува тужениот Александар Пендарковски да ова право им го признае на тужителите и да трпи промена во ИЛ.2278 за КО Карпош, како и да веднаш по добивањето на пресудата им овозможи на тужителите несметано користење на службеноста на пат за минување пеш преку неговото дворно место, да ги извади поставените бетонски столбови и жичана плетена ограда поставени на западниот крај на оградата, во широчина од 2 метри, како и на тужителите да им ги надомести трошоците по постапка, се во рок од 8 дена од приемот на решението, а под страв на присилно исполнение, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** тужителите да му ги надоместат на тужениот Александар Пендарковски од Скопје трошоците по постапка во вкупен износ од 43.880,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

Поголемото барање за трошоци по постапката и тоа за разликата од предјавениот износ од 47.000,00 денари до досудениот износ од

Рев2.бр.573/2018

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Николчо Николовски - претседател на советот, Васил Грчев, Јелица Крстевска, Исамедин Лимани и м-р Снажана Бајлозова - членови на советот, во правната работа на тужителот Д.С. од С., против тужениот Ј.Г. од С., за стекнување без основ и надомест на штета, вредност на спорот 3.184.163,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот изјавена преку полномошникот Љубе Симјановски, адвокат од С., против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.6250/17 од 29.06.2018 година, на седницата одржана на ден 24.09.2019 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителот во делот на одбиеното прецизирано тужбено барање на име надомест на штета во износ од 4.800 евра во денарска противвредност за некористење на станот во поткровјето и во делот за надомест на штета по основ на бесправно користење на станбен простор сопственост на тужителот во износ од 10.800 евра во денарска противвредност и за поголемото барање за законска казнена камата за досудениот износ, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Р Е Ш Е Н И Е

Ревизијата на тужителот во делот на одбиеното прецизирано тужбено барање да се задолжи тужениот да му плати на тужителот сума од 32.225 евра во денарска противвредност на име (средства стекнати без основ) од закупнина на дел од куќата, СЕ УСВОЈУВА и во тој дел пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.6250/17 од 29.06.2018 година и пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П4-244/16 од 12.07.2017 година, СЕ УКИНУВААТ и во тој дел предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење.

О б р а з л о ж е н и е

«9»«МАЛВП-403/13»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ - ГРАЃАНСКИ СУД,** како првостепен суд со основна и проширена надлежност, и тоа Судијата «Лидија Крстевска» - Судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителката Лилјана Симјановска«» од «Скопје »улица Кораб број 1, застапувана од полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, против тужениот Петре Петровски«» од «Скопје», улица Варшавска број 9 А застапуван од полномошник адвокат Сашо Бузлиев од Скопје, за штета«», вредност «82.591.00» денари, по одржаната главна јавна и усна расправа на ден «»14.11.2014 година, а на ден 20.11.2014«» година ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителката Лилјана Симјановска«» од «Скопје».

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот «» Петре Петровски«» од «Скопје» да и исплати на тужителката Лилјана Симјановска«», по основ на долг сума во износ од 62.426,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени, сметано од денот на поднесувањето на тужбата 01.03.2013 година до исплатата, во рок од 8 дена по приемот на одлуката.

**Р.**

**ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА** барањето на тужиталката Лилјана Симјановска«» за трошоци во постапката.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Петре Петровски«», на тужителката Лилјана Симјановска, на име трошоци по постапката да и плати сума во износ од 26.000,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на одлуката.

Поголемото барање за трошоци на тужителката за разликата од досудениот до бараниот износ од 45.240,00 денари **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО**.

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Анита Бошковска, претседател на советот, Букурије Ајдини и Маја Маркова Котевска, членови на советот, во правната работа на тужителот В.А. од Скопје, против тужената Г.С. од Скопје, за развод на брак, вредност на спорот 20.000,00 денари, решавајќи по жалбата на тужената изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, против пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П2.бр.142/14 од 04.09.2014 година, на нејавната седница одржана на 19.12.2014 година, ја донесе следната

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужената изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје II Скопје П2.бр.142/14 од 04.09.2014 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжалената пресуда го усвоил тужбеното барање на тужителот В.А. од Скопје, истакнато преку полномошник адвокат Ефто Спироски од Скопје, па бракот склучен на ден 27.05.2000 година во Скопје, заведен во МКВ што се води за Скопје, под тек.бр.822 за 2000 година помеѓу тужителот В.А. од татко ... од мајка ..., роден на ден ... година во скопје, државјанин на РМ и тужената Г.С., моминско Северова од татко Ристо од мајка ..., родена на ... година во Скопје, државјанка на РМ, го развел согласно чл.40 од Законот за семејство - пречистен текст. Малолетните деца на странките Андреј Андреевски роден на ... година и Димитриј Андреевски роден на ден 20.02.2006 година ги доверил на чување, воспитување и делумно издржување на тужената, мајката Г.С. а тужителот, таткото В.А. го задолжил да плаќа на име негов придонес во издржувањето на малолетните деца месечни износи од по 6.000,00 денари, сметано од пресудувањето - 04.09.2014 година, па во иднина до промена на околностите кои се од влијание врз вака определената висина на издршката. Судот ја задолжил тужената на име парнични трошоци да му плати на тужителот паричен износ од 14.040,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Незадоволна од ваквата одлука на судот останала тужената која изјавила навремена жалба преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, со која ја побива пресудата поради суштествени повреди на одредбите од ЗПП, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право и во одлуката за трошоците по постапката. Предлага жалбата да се уважи а обжалената пресуда да се преиначи во смисла на жалбените наводи или истата да се укине и предметот да се врати на повторно

«»XXXVI«» «П4-1594/13»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата «Цветанка Сиљаноска Костадиновска» како претседател на советот и судиите поротници Станче Јосевска и Снежана Симиќ членови на советот постапувајќи по правната работа на тужителот «Д.Р.» од «Скопје», ..., с. Љубин, преку полномошник адвокат Љубе Симјановски, .../17 од Скопје против тужениот УНИКА Осигурување АД Скопје од Скопје, б..., за надомест на нематеријална штета-други, вредност 1.660.240,00 денари, по одржана главна јавна и усна расправа на ден 06.11.2014 година, во присуство на тужителот лично и неговиот полномошник Љубе Симјановски и во присуство на полномошникот на тужениот Игор Христовски, а на ден 14.11.2014 ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот «Д.Р.» од «Скопје», **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Друштво за осигурување УНИКА АД СКОПЈЕ«» од «Скопје» да му исплати на тужителот «Д.Р.» од «Скопје» на име надомест на нематеријална штета поради повреда на личните права на телесното и душевно здравје во вкупен износ од 750.000,00 денари од кои: за претрпен физички бол износ од 160.000,00 денари, за претрпен страв од 50.000,00 денари, за претрпени душевни болки поради намалена животна активност износ од 500.000,00 денари,за претрпени душевни болки поради нагрденост износ од 40.000,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната станка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемено за 8% поени сметано од денот на пресудување 14.11.2014 година до исплатата, како и за материјалната штета за трошоци за лекување во износ од 12.170,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемено за 8% поени сметано од денот на пресудувањето 14.11.2014 година до конечната исплата, како и трошоците сторени во текот на постапката во вкупен износ од 49.229,00 денари, се во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Олга Ангелова, претседател на советот, Мустафа Дардхишта и Маја Маркова Котевска, членови на советот, во правната работа на тужителите Иванка Камчевска, В.Г. и Слободан Гоговски, сите од Скопје, против тужениот А.П. од Скопје, за трајно право на користење и службеност, постапувајќи по жалбата на тужителите изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, против решението на Основен суд Скопје II Скопје П1.бр.758/13 од 20.08.2013 година, на нејавната седница одржана на 16.01.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужителите изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

РЕШЕНИЕТО на Основен суд Скопје II Скопје П1.бр.758/13 од 20.08.2013 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжаленото решение ја отфрлил тужбата на тужителите И.К. од Скопје, В.Г. од Скопје и Слободан Гоговски од Скопје, против тужениот А.П. од Скопје, за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот 40.000,00 денари.

Против ваквата одлука на првостепениот суд навремена жалба изјавиле тужителите преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од скопје со која го напаѓаат решението поради суштествени повреди на одредбите на ЗПП, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи а обжаленото решение да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување на првостепениот суд.

Апелациониот суд Скопје по разгледување и оцена на жалба, обжаленото решение и сите списи во предметот, најде:

Жалбата е неоснована.

Неосновано во жалбата се наведува дека се сторени суштествени повреди на одредбите од парничната постапка од причините што побиваното решение е разирливо, без противречност помеѓу образложението и изреката, со доволно причини за решителните факти, поради што истото може во целост и со сигурност да се испита.

Првостепениот суд утврдил дека тужбата поднесена од тужителите преку полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје не ги содржи сите

Рев2.бр.69/2018

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Николчо Николовски - претседател на советот, Емилија Илиевска, Лидија Неделкова, Исамедин Лимани и Шпенд Деваја - членови на советот, во правната работа на тужителите Иванка Камчевска, Весна Гоговска и Слободан Гоговски, сите од С., против тужениот Александар Пендаровски од С., за утврдување право на владение - право на користење, вредност на спорот 40.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителите, изјавена преку полномошникот Љубе Симјановски, адвокат од С., против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ-1322/17 од 31.10.2017 година, на седницата одржана на ден 11.04.2019 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителите СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда П1-158/16 од 30.09.2016 година, го усвоил тужбеното барање на тужителите и утврдил спрема тужениот дека првотужителката има право на трајно користење на делот од КП.бр.4102 за КО К. во површина од 353м2, од кои 81м2 под зграда, 24м2 под помошни згради и 248м2 дворно место, во границите утврдени во вештиот наод на вештото лице од Г.Ј. ДООЕЛ С., како и дека тужителите и членовите на нивните семејства се стекнале со право на службеност на користење на премин преку дворното место на тужениот во С. на ул.......... бр........, а во должина од 28м и широчина од 0,60м, во правец исток - запад, преку КП.бр.4102 која ја владее тужениот. Го задолжил тужениот да им го признае ова право на тужителите и да трпи промена во ИЛ.бр.2278 за КО К., како и да веднаш по добивањето на пресудата да им овозможи на тужителите непречено користење на службеноста на пат за минување пеш преку неговото дворно место, да ги

**«»XXXI.П4.бр.156/13«»**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**, како првостепен парничен суд преку судијата Гордана Јакова како Претседател на советот и судиите поротници Роза Бошковска и Љубинка Органџиева како членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителот Мустафа Реџепи од Скопје, ..., против тужените Република Македонија - Министерство за одбрана и Република Македонија - Министерство за внатрешни работи, за надомест на штета, вредност на спорот 2.244.030,00 денари, на ден 09.12.2014 година, по одржаната главна, јавна и усна расправа во присуство на тужителот лично и неговиот полномошник адвокат Љубе Симјановски и полномошниците на тужените, по советувањето и гласањето на ден 23.12.2014 година, ја донесе и објави следнава:

**П Р Е С У Д А**

**I**

Тужбеното барање на тужителот Мустафа Реџепи од Скопје, **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА**.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** тужениот Република Македонија - Министерство за одбрана на тужителот Мустафа Реџепи, да му ја надомести сторената штета и изгубената добивка за уништени овошни насади и тоа за отсечени 3 ореови стебла, за 4 сливи џанки, за 5 дренки, за 3 лозници, 2 јаболкови стебла, за годишна реколта тутун од 5.000 стракови и годишна реколта на јонџа за 10 ха, за периодот од 01.01.1993 година, до 31.12.1995 година, или за 3 години, вкупна штета на име стварна штета и изгубена добивка, како и на име уништен добиток едно теле, се вкупен износ од 173.487,00 денари, со законска затезна камата согласно ЗВСЗК сметано од 20.05.2005 година, па до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година, законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени, па до исплатата, се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

Поголемото барање на тужителот Мустафа Реџепи, против тужениот Република Македонија - Министерство за одбрана, за надомест на штета и изгубена добивка над вкупно досудените 173.487,00 денари, до вкупно побараните 1.292.880,00 денари, со побараната камата, **СЕ**

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Катерина Георгиевска, претседател на советот, Катица Јовановска и Фатмир Скендер, членови на советот во правната работа на тужителите Борче Стаменков, М.Г., К.Р., Душанка Грујоска, Велибор Киријас, Тахир Ертунч, Живка Петровска, Драгица Поп Арсова и Звонко Магдевски сите од Скопје против тужената Е.Х. од Скопје за утврдување право на заедничка сопственост на заеднички имот, вредност на спорот 2.282.880,00 денари, постапувајќи по жалбата на тужителите против решението на Основен суд Скопје 2 Скопје П-3144/09 од 01.04.2013 година, на нејавната седница одржана на 20.02.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужителите изјавена преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

РЕШЕНИЕТО на Основен суд Скопје 2 Скопје П-3144/09 од 01.04.2013 година СЕ ПОТВРДУВА.

Барањето на тужителот за надомест на трошоци за одговор на жалба СЕ ОДБИВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје 2 Скопје со обжаленото решение П-3144/09 предлогот за враќање во поранешна состојба поднесен од страна на тужителите го одбил како неоснован. Првостепениот суд ги задолжил тужителите солидарно да и ги надоместат на тужената трошоците по постапката во вкупен износ од 37.046,00 денари во рок од 15 дена по правосилноста на решението, а под закана на присилно извршување.

Незадоволни од ова решение останале тужителите кои со навремена жалба изјавена преку нивниот полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, истото го напаѓаат поради сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи во целост и Апелациониот суд предметното решение да го преиначи во смисла што ќе го уважи барањето на тужителите за повторување на постапката и тужбата поднесена од адвокат Кочо Петровски од Скопје во име и за сметка на тужителите ќе се смета дека е поднесена од неовластен подносител, па истата и сите дејствија превземени од овој полномошник без полномошно ќе ги укине, согласно член 89

Рев2.бр.619/2017

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Николчо Николовски - претседател на совет, Емилија Илиевска, Лидија Неделкова, д-р Марика Матеска и Шпенд Деваја - членови на советот, во правната работа на тужителите Борче Стаменков, Милка Грујоска, Костанца Руси, Душанка Грујоска, Велибор Киријас, Тахир Ертунч, Живка Петровска, Драгица Поп Арсова и Звонко Магдевски, сите од С., против тужената Емилија Харалампиева од С., за утврдување право на заедничка сопственост на заеднички имот, вредност на спорот 2.282.880,00 денари, одлучувајќи по ревизијата од тужителите, изјавена преку полномошникот Љубе Симјановски адвокат од С., против решението на Апелациониот суд Скопје ГЖ-5331/13 од 20.02.2014 година, на седница одржана на ден 07.02.2019 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Ревизијата на тужителите, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужителите да и ги надоместат на тужената трошоците за одговор на ревизија во вкупен износ од 19.868,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на решението.

СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО барањето на тужената за надомест на трошоци за одговор на ревизија за разликата од побараниот до досудениот износ.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со решение П-3144/09 од 01.04.2013 година, го одбил како неоснован предлогот за враќање во поранешна состојба поднесен од страна на тужителите и ги задолжил тужителите солидарно да и надоместат на тужената трошоци на постапката во вкупен износ од 37.046,00 денари. Го одбил како неосновано поголемото барање на тужената за трошоци на постапката за разликата од досудениот до побараниот износ од 46.542,00 денари.

Апелациониот суд Скопје со решение ГЖ-5331/13 од 20.02.2014 година, жалбата на тужителите ја одбил како неоснована, првостепеното решение го потврдил и барањето на тужителот за надомест на трошоци за

Рев2.бр.658/2015«»

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на советот, Емилија Илиевска, Лидија Тасева, Исамедин Лимани и Стојанче Рибарев - членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителот Драган Симјановски од С., против тужениот Јово Гаџовски од С., за склучување на главен договор, вредност на спорот 922.500,00 денари, и по противтужбата на тужениот-противтужителот Јово Гаџовски од С. против тужителот-противтужениот Драган Симјановски од С., за раскинување на договор, вредност на спорот 40.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот, изјавена преку полномошникот Гоце Ристески адвокат од С., против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.2571/15 од 25.06.2015 година, на седницата одржана на ден 26.10.2016 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Ревизијата на тужениот СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му плати на тужителот трошоци за одговор на ревизија во износ од 15.233,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда П1-334/14 од 25.12.2014 година го усвоил тужбеното барање на тужителот и го задолжил тужениот да склучи, потпише и завери на нотар договор за купопродажба на недвижен имот- неговата куќа и дворно место во С. на ул....... бр......., заведена на КП.бр.1362 во ИЛ.бр.3740 за КО К.В.1, со простории и површини детално опишани во изреката на пресудата, а доколу тоа не го стори во дадениот рок пресудата да го замени таквиот договор и на тужителот да му послужи за запишување на неговото право во Агенцијата. Со решение под истиот број и датум, го одбил како неосновано барањето на тужителот за издавање на времена мерка, со која ќе му се наложи на тужениот веднаш по добивањето на решението да ја напушти куќата во С. на ул....... бр....... и тоа делот означен како подрум бр.001 во 86 м2 и да го предаде во владение на купувачот испразнет од луѓе и ствари. Го одбил како неосновано противтужбеното барање на тужениот-противтужител, да се раскине преддоговорот за купопродажба на наедвижен имот склучен на ден 02.10.2013 година помеѓу тужениот како продавач и тужителот како

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите:Гордана Ѓорчева, претседател на советот, Мустафа Дардхишта и Зора Треневска, членови на советот, во правната работа на тужителот Дино Растодер од С. с. Љ., против тужениот УНИКА Осигурување АД С., за надомест на нематеријална штета - други, вредност на спорот 1.660.240,00 денари, постапувајќи по жалбата на тужителот, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., против пресудата на Основниот суд С. 2 С. П4-114/16 од 06.04.2016 година, на нејавната седница на советот одржана на ден 17.05.2017 година, донесе

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужителот, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

ПРЕСУДАТА на Основен суд С. II С. П4-114/16 од 06.04.2016 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА и пресудува:

ТУЖБЕНОТО БАРАЊЕ на тужителот Дино Растодер од С., ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Друштво за осигурување УНИКА АД СКОПЈЕ од С., да му исплати на тужителот Дино Растодер од С., на име надомест на нематеријална штета поради повреда на личните права на телесното и душевно здравје во вкупен износ од 1.190.000,00 денари од кои: за претрпен физички бол износ од 250.000,00 денари, за претрпен страв од 150.000,00 денари, за претрпени душевни болки поради намалена животна активност износ од 700.000,00 денари и за претрпени душевни болки поради нагрденост износ од 90.000,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемено за 8% поени, сметано од денот на пресудување 06.04.2016 година до исплатата, како и за материјалната штета за трошоци за лекување во износ од 12.170,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемено за 8% поени, сметано од денот на пресудувањето 06.04.2016 година до конечната исплататадо денот на конечната исплата, се во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Поголемото тужбено барање на тужителот за разликата од досудениот вкупен износ на име нематеријална штета од 1.190.000,00 денари, со оваа пресуда, до побараниот вкупен износ од 1.660.240,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Лидија Димчевска, претседател на советот, Станка Зафировска и Енвер Беџети, членови на советот, во правната работа на тужителот «М.Д.» од Скопје, против тужениот «А.Д.» од Скопје, за долг, вредност на спорот 93.262,00 денари, решавајќи по жалбата на тужениот-противтужител со посебен предлог на донесување на дополнителна пресуда (решение) поднесена преку полномошник адвокат Валентина Лазарева од Куманово и по жалбата на тужителот, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, против пресудата на Основниот суд Скопје Скопје 5 «МАЛВП-3803/11» од 28.05.2013 година, на нејавната седница на советот одржана на ден «27.10.2014» година, донесе

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужителот-противтужен поднесена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје Скопје 5 «МАЛВП-3803/11» од 28.05.2013 година СЕ ПОТВРДУВА.

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужениот-противтужител изјавена преку полномошник адвокат Валентина Лазарева од Куманово СЕ УВАЖУВА.

РЕШЕНИЕТО за трошоци содржано во ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје Скопје «5 МАЛВП-3803/11» од 28.05.2013 година, СЕ УКИНУВА и предметот во тој дел се враќа на повторно одлучување.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје 2 Скопје со обжалената пресуда под I прецираната тужба и тужбеното барање на тужителката со кое бара да се задолжи тужениот А.Д. од Скопје да и плати на тужителката долг по основ награда за застапување за извршена адвокатска услуга во износ од 83.759,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ шт за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на

«9».«П1-334/14»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ ,** како првостепен парничен суд во совет составен од судијата Кети Германова како претседател на советот и судиите поротници Невена Атанасоска и Цветан Ѓорѓиев членови на советот постапувајќи по тужбата на тужителот Д.С. од Скопје ...-а застапуван од полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје ул. Нароски адвокат од Скопје ..., за склучување на главен договор вредност 922.500,00 денари и противтужбата на тужениот - противтужителот Ј.Г. од Скопје против тужителот - противтужениот Д.С. од Скопје, за раскинување на договор, вредност 40.000,00 денари , на рочиштето за главна расправа одржано на 17.12.2014 година во присуство на тужителот- противтужениот лично со полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје и тужениот-противтужителот лично со полномошник Маја Несторовска адвокат од Скопје, и по советувањето и гласањето на ден 25.12.2014 година, ја донесе и јавно ја објави следната

**П Р Е С У Д А**

**I**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот Д.С. од Скопје

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Јово Гаџоски од Скопје да во рок од 15 дена по приемот на пресудата да склучи, потпише и кај Нотар завери ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА на недвижен имот - неговата куќа и дворно место во Скопје на ...-б заведена на КП бр.1362 во ИЛ бр.3740 за КО Кисела Вода 1 , а се состои од помошна просторија на влез 001, кат 001 број 002 во површина од 13 м2, стан во влез 001, кат 001, бр. 002 во површина од 80м2, стан во влез 001, мансарда, бр. 003 во површина од 86 м2, помошна просторија во влез 001, мансарда, бр.003 во површина од 13 м2, простории во влез 001, подрум бр. 001 во површина од 86 м2, и стан во влез 001 приземје бр. 001 во површина од 82 м2, запишани во лист В, како и дворно место на КП бр. 1362 во површина од 179 м2 и земјиште под зграда 1 во површина од 123 м2, а доколку тоа не го стори во дадениот рок оваа пресуда го заменува таквиот договор и на тужителот да му послужи за запишување на неговото право во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Р Е Ш Е Н И Е**

«15».«П1-782/14»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ, ГРАЃАНСКИ СУД** како првостепен парничен суд преку судијата «Весна Стрезовска»,«» како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот «Лазо Зафировски» од «С.», ул. ... , преку полномошник адвокат Љубе Симјановски од С., против тужениот «Душан Велков» од «С.»,«ул..»..«»,преку полномошник адвокат Костадин Веселиновски од С., за «надомест на штета ,вредност 27.600,00 денари, по одржаната главна, јавна и усна расправа на ден 17.1.2017г. ,во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Љубе Симјановски и отсуство на тужениот, уредно известен, ја донесе , а на ден 25.1.2017г, ја објави следната »:

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот Лазо Зафировски од С. **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Душан Велков да му ја надомести штетата на тужителот во износ од 27.600,00 денари со законска казнена камата на овој износ во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие се засметува на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8% поени ,сметано од денот на поднесување на тужбата 29.10.2014г. до исплатата, како и да му ги надомести трошоците по постапката во вкупен износ од 44.060,00 денари се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата ,а под закана од присилно извршување.

Поголемото барање на туижителот за трошоци во постапката од досудениот до бараниот износ од 45.770,00 денари **СЕ ОДБИВА КАКО БАРАЊЕ НЕОСНОВАНО.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот во тужбата и преку полномошникот на расправа наведе дека , со тужениот се непосредни соседи ,со куќите и дворните места во Ѓ.П. ,н.. Д.Г. (...) на ул. .... Тужителот е сопственик и владетел на КП ... заведена во ИЛ бр. ... за КО Ѓ.П. 5 Л. и КП ... заведена во ИЛ бр. ... на КО Ѓ.П. 5 Л., која во моментот се води како сопственост на РМ. Тужениот е сопственик и владетел на КП ... ,заведена во ИЛ бр. ... за КО Ѓ.П. 5 Л.. Тужителот во месец јули 2013г. ,од западната страна на своето дворно место, кое се води на РМ, изградил бетонски парапет за ограда во должина од 4 метри и височина од 50 см., на која поставил ограда од

«П1-370/13»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

ОСНОВНИОТ СУД ВО ТЕТОВО - како првостепен процесен суд, со судијата ИЉИР РЕЦЕПИ - како судија поединец, решавајки по тужбата на тужителите ДПТ ДОНИКА МУЈАДИН ДООЕЛ Експорт Инпорт Тетово ... Тетово и тужителот ЕМИНИ НАСЕР од Тетово ..., застапувани од полномошник ДАРКО КАРЕВ, адвокат од Тетово против тужените КУЗМАНОВСКА БИЉАНА од Неготино ..., Г.К. од Неготино ... застапувани од полномошник ЉУБЕ СИМЈАНОВСКИ, адвокат од Скопје, и АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ на РМ Одделение за премер и катастар Тетово, застапуван од Државен правобраител ЈОВАНКА ЃОРЃЕВСКА од Тетово, со основ бришење на запишани права на недвижност, деловен простор, вредност 40.000 ден. и да се утврди дека второ тужителот ЕМИНИ НАСЕР има појака правна основа спрема тужените КУЗМАНОВСКА БИЉАНА и Г.К. од Неготино, за стекнување на право на сопственост, како и по против тужбата на против тужителите КУЗМАНОВСКА БИЉАНА И Г.К. од Неготино, птотив тужениот ДПТ ДОНИКА МУЈАДИН ДООЕЛ Експорт Инпорт Тетово,со основ ништавност на договор, на одржана расправа на ден 24.2.2015 год. , во присаство на полномошникот на тужителите, полномошникот на прво и второ тужените - против тужителите и државниот правобранител за трето туженот ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА тужбеното барање на тужителите ДПТ ДОНИКА МУЈАДИН ДООЕЛ -Експорт Инпорт -Тетово и ЕМИНИ НАСЕР од Тетово.

1. СЕ УТВРДУВА дека тужителот ДПТ ДОНИКА МУЈАДИН ДООЕЛ - Експорт Инпорт -Тетово има појака правна основа спрема тужените Кузмановска Биљана и Г.К., двајцата од Неготино за стекнување право на сопственост, врз недвижноста означена како КП.бр.2581/2 на КО Тетово 1, земјиште под зграда во пов. од 86м2. запишана во ИЛ.бр.17598, во Одделение за АКН Тетово, А додека тужителот ЕМИНИ НАСЕР од Тетово има појака правна основа спрема тужените Кузмановска Билјана од Неготино ..., и Г.К. од Неготино .../2-5, за стекнување на право на сопственост на дел од 16м2. од недвижноста означена како КП број 2580/4, - двор со површина од 190 м2. и КП .бр. 2580/4 З. пом.зг. со површина од 243м2 на КО Тетово 1 запишана во ИЛ.бр.17598.

2. Тужбата и тужбеното барање на тужителите ДПТ ДОНИКА МУЈАДИН ДООЕЛ Експорт-Инпорт Тетово и ЕМИНИ НАСЕР од Тетово, со кој побараа да се задолжи АКН -Одделение за премер и катастар во Тетово да изврши бришење на запишаната сопственост од име на тужените Кузмановска Биљана и Г.К. двајцата од Неготино на КП. бр. 2581/2 и КП. бр. 2580/4 опишани

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Лидија Димчевска, претседател на советот, Радица Васиљевска и Енвер Беќети, членови на советот, во правната работа по приговорот на должникот Друштво за производство на конфекција и услуги НОВ ЖИВОТ ДОО С., по предметот И.бр.408/2016 на извршителот Весна Деловска од С., за утврдување на неправилности при извршување, постапувајќи по жалбата на должникот, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., против решението на Основниот суд Скопје II С. ППНИ-462/16 од 16.06.2016 година, донесено од Претседателот на судот, на нејавната седница одржана на 21.09.2016 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на должникот, изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

РЕШЕНИЕТО на Основниот суд Скопје II С. ППНИ-462/16 од 16.06.2016 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд С. II С. со обжаленото решение го одбил приговорот поднесен од должникот Друштво за производство на конфекција и услуги НОВ ЖИВОТ ДОО С., против Налогот за извршување И.бр.408/2016 од 19.05.2016 година на извршителот Весна Деловска од С..

Незадоволен од ваквото решение останал должникот, кој со навремена жалба изјавена преку полномошник Љубе Симјановски, адвокат од С., го побива истото поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, обжаленото решение да се преиначи во смисла на жалбените наводи, а доверителот да се задолжи со трошоци во жалбена постапка, или истото да се укине и предметот да се врати пред првостепениот суд на повторно одлучување.

Одговор на жалба не е доставен.

Апелациониот суд Скопје по извршениот увид во списите по предметот, ценејќи го обжаленото решение и наводите во жалба, најде:

Жалбата е неоснована.

Рев1.бр.101/2015«»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите:«» Киро Здравев - претседател на советот, Емилија Илиевска, Лидија Тасева, Исамедин Лимани и Стојанче Рибарев - членови на советот, во правната работа на тужителот«» Заштитно друштво за производство, трговија и услуги «Џезо Компани ДООЕЛ» «С.»1«», против тужениот «ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија» «С.», за «надомест на штета», вредност на спорот 14.026.541,00 денар«», одлучувајќи по ревизијата на тужителот, изјавена преку полномошникот Љубе Симјановски, адвокат од С. и ревизијата на тужениот, изјавена преку полномошникот Адвокатско друштво Чукиќ и Марков од С., против пресудата на «Апелациониот суд Скопје» «ТСЖ.бр.823/14» од 05.12.2014 година,«» на седницата одржана на ден 14.12.2016 година«», донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителот и ревизијата на тужениот, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

Судот одлучи секоја странка да ги сноси своите трошоци на постапката сторени по повод поднесените одговори на ревизиите.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда ТС-100/13 од 03.01.2014 година, под I, делумно го усвоил прецизираното тужбено барање на тужителот и го задолжил тужениот да му ја надомести нанесената штета на тужителот во износ од 2.166.641,00 денар на име надомест на испуштена корист со камата според ЗВСЗК прецизирано - сметано од 10.10.2008 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година до конечната исплата со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени во рок од 8 дена од приемот на пресудата. Тужбеното

Х.**П4.бр.139/13**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!**

**ОСНОВНИОТ СУД КУМАНОВО** како првостепен парничен суд преку судијата Биљана Спиридоновска во парничен предмет по тужбата на тужителот Драган Симјановски од Скопје ...-а, застапуван од пол.адвокат Љубе Симјановски од Скопје, против тужен Даневски Томе од Куманово .../11, за долг, вредност од 187.236,00 денари, след одржана усна, јавна и главна расправа во присуство на тужителот и негов полномошник, а во отсаство ан тужениот денеска на ден 16.06.2014 година ја донесе, а на ден 20.06.2014 година ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот Драган Симјановски од Скопје, па **СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Даневски Томе од Куманово, да на тужителот **МУ ПЛАТИ** на име долг сума пари во износ од 187.236,00 денари со законска казнена камата во висина на референтна стапка на Народна банка на РМ што за секое полугодие важела на последен ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени сметно од 25.06.2012 година до исплата,

како и СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да на име трошоци сторени во оваа постапка му плати на тужителот сума пари во износ од 22.060,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата,а под страв на присилно исполнение.

Барањето на тужителот да се задолжи тужениот да на име трошоци сторени во оваа постапка плати сума уште 13.304,00 денари СЕ ОДБИВА.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пол.на тужителот во тужба и на расправа пред судот наведе: тужителот и тужениот биле деловни партнери и соработувале помеѓу нивните фирми „Кандимекс“ на тужителот и „Даневски Компани“ на тужениот, при што останале нерасчистени сметки и плаќања, поради што странките на ден 25.06.2010 година во Куманово склучиле спогодба за висина на долгот и за начин и време на плаќање на долгот. Според оваа спогодба се договориле да долгувањата помеѓу фирмите се сметаат за лични долгувања помеѓу странките и да тужениот во име и за сметка на својата фирма лично го исплати долгот на тужителот во износ од 187.236,00 денари, најдоцна за 24 месеци семтано од 25.06.2010 година. По истек на рокот, а по повеќе ургенции и договорени одлагања на плаќања и доставена опомена пред тужба и кривична пријава, тужениот ниту одговорил, ниту го платил долгот, па побара да биде усвоено тужбено барање во се како е наведено во петитум на тужба.

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата Јехона Садику како судија поединец, постапувајќи по правната работа на тужителот М.Д. од Скопје, против тужениот Александар Дрогрешки од Скопје, за долг, вредност 93.262.00 денари по одржаната главна јавна и усна расправа на ден 22.05.2013 година, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Љубе Симјановски од Скопје и тужениот лично со полномошникот адвокат Валентина Лазарева од Куманово, а на ден 28.05.2013 година, ја донесе и јавно ја објави следната

**П Р Е С У Д А**

**I**

Прецизираната тужба и тужбено барање на тужителката со кое бара да се задолжи тужениот А.Д. од Скопје да и плати на тужителката долг по основ награда за застапување за извршена адвокатска услуга во износ од 83.759,00 денари, со Законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени од паѓањето во задоцнување 01.03.2011 година, до исплатата **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**II**

**СЕ УСВОЈУВА** противтужбеното барањее на тужениот противтужител А.Д. од Скопје.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужителата-противтужената адв. М.Д. од Скопје да му исплати на тужениот-противтужител А.Д. сума во износ од 9./503,00 денари и тоа: по основ на процесни и извршни трошоци во делот на однапред платените процесни трошоци досудени со пресуда РО.бр.3092/07 од 10.09.2008 година на Основен суд Скопје-2-Скопје чија наплата е реализирана на сметка на тужителката -противтужената во извршната постапка И.бр.72/09 на извршител Јулита Ѓорѓиева од Скопје во износ од 4.653,00 денари, по основ на извршните трошоци авансирани од тужениот- противтужител во извршната постапка И.бр.72/09 на извршител Јулита Ѓорѓиева од Скопје во износ од 4850,00 денари. со законска затезна камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие а зголемена за 8 процентни поени сметано од денот на поднесување на противтужбата до конечната

27«» «П1-758/13»

**Р.**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата Весна Трајанова, како претседател на советот, постапувајќи по тужбата на тужителите «Иванка Камчевска», «...А» од «Скопје», «Весна Гоговска», «...-а» од «Скопје» и «Слободан Гоговски», «...-а» од «Скопје», преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, против тужениот «Александар Пендаровски», «...» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари«», согласно чл.101 ст.1, в.в. со чл.98 ст. 3 од Законот за парнична постапка – пречистен текст, вон рочиште на ден 20.08.2013 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Тужбата на тужителите «Иванка Камчевска» од «Скопје», «Весна Гоговска» од «Скопје» и «Слободан Гоговски» од «Скопје», против тужениот «Александар Пендаровски» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари«», **СЕ ОТФРЛА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителите, преку својот полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, на 12.07.2013 година до овој суд поднесоа тужба против тужениот «Александар Пендаровски» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари.

Постапувајќи по тужбата судот одлучи како во изреката на решението од следните причини:

Согласно чл.98 ст.3 од Законот за парнична постапка-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.7/2011) е определено дека поднесоците мораат да бидат разбирливи и мораат да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат: означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, е-меил адреса и контакт телефон.

Согласно чл.101 ст.1 од Законот за парничната постапка поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат податоците од чл.98 ставовите (3), (4), (5) и (8) на овој

27«» «П1-758/13»

**Р.**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата Весна Трајанова, како претседател на советот, постапувајќи по тужбата на тужителите «Иванка Камчевска», «...А» од «Скопје», «Весна735Гоговска», «...-а» од «Скопје» и «Слободан Гоговски», «...-а» од «Скопје», преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, против тужениот «Александар Пендаровски», «...» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари«», согласно чл.101 ст.1, в.в. со чл.98 ст. 3 од Законот за парнична постапка – пречистен текст, вон рочиште на ден 20.08.2013 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителите «Иванка Камчевска» од «Скопје», «Весна Гоговска» од «Скопје» и «Слободан Гоговски» од «Скопје», против тужениот «Александар Пендаровски» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари«», **СЕ ОТФРЛА.**

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителите, преку својот полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, на 12.07.2013 година до овој суд поднесоа тужба против тужениот «Александар Пендаровски» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари.

Постапувајќи по тужбата судот одлучи како во изреката на решението од следните причини:

Согласно чл.98 ст.3 од Законот за парнична постапка-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.7/2011) е определено дека поднесоците мораат да бидат разбирливи и мораат да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат: означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, е-меил адреса и контакт телефон.

Согласно чл.101 ст.1 од Законот за парничната постапка поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат податоците од чл.98 ставовите (3), (4), (5) и (8) на овој

27«» «П1-758/13»

**Р.**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата Весна Трајанова, како претседател на советот, постапувајќи по тужбата на тужителите «Иванка Камчевска», «...А» од «Скопје», «Весна Каговска», «...-а» од «Скопје» и «Слободан Каговски», «...-а» од «Скопје», преку полномошник Љубе Симјановски адвокат од Скопје, против тужениот «Александар Пендаровски», «...» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари«», согласно чл.101 ст.1, в.в. со чл.98 ст. 3 од Законот за парнична постапка – пречистен текст, вон рочиште на ден 20.08.2013 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Тужбата на тужителите «Иванка Камчевска» од «Скопје», «Весна Каговска» од «Скопје» и «Слободан Каговски» од «Скопје», против тужениот «Александар Пендаровски» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари«», **СЕ ОТФРЛА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителите, преку својот полномошник адвокат Љубе Симјановски од Скопје, на 12.07.2013 година до овој суд поднесоа тужба против тужениот «Александар Пендаровски» од «Скопје», за трајно право на користење и службеност, вредност на спорот «40.000.00» «»денари.

Постапувајќи по тужбата судот одлучи како во изреката на решението од следните причини:

Согласно чл.98 ст.3 од Законот за парнична постапка-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.7/2011) е определено дека поднесоците мораат да бидат разбирливи и мораат да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат: означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, е-меил адреса и контакт телефон.

Согласно чл.101 ст.1 од Законот за парничната постапка поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат податоците од чл.98 ставовите (3), (4), (5) и (8) на овој

**Р.**

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,** како првостепен граѓански суд и тоа судијата «Љубица Колиќ» како судија поединец, во правната работа на тужителот «» «Миле Симјановски» «...-а» од «Скопје» застапуван од адвокат Љубе Симјановски .../17 Скопје«», против тужениот «» «Јово Гаџовски» «...-б» од «Скопје» «» за нарушено владение«», вредност на спорот «40.000.00» «ден»ари«», вон рочиште на ден «23.02.2015» година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Тужбата на тужителот «» «Миле Симјановски»«» од «Скопје» «» против тужениот «» «Јово Гаџовски» од «Скопје» «» за нарушено владение«», вредност на спорот «40.000.00» «ден»ари«» заедно со предлогот за издавање на привремена мерка **СЕ ОТФРЛА КАКО НЕУРЕДНА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

До судот тужителот «» «Миле Симјановски» од «Скопје» преку полномошникот Љубе Симјановски адвокат од Скопје поднесе тужба против тужениот «» «Јово Гаџовски» од Скопје«», «» за нарушено владение«», вредност на спорот «40.000.00» «ден»ари«». Кон тужбата е доставен и предлог за издавање на привремена мерка да му се забрани на тужениот користење или издавање на станот во поткровјето на ...-Б во Скопје.

При претходно испитување на тужбата судот констатира дека истата е неуредна во смисла на чл.98 ст.3 од ЗПП кој меѓу другото предвидува дека тужбата и поднесоците кои се доставуваат до судот мора да го содржат сето она што е потребно за да се постапи по нив, а особено да бидат поткрепени со доказ за лична идентификација на подносителот.

Согласно чл.101 ст.1 од ЗПП, поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат податоците од чл.98 ставовите 3, 4,5 и 8 на овој Закон, или не се поднесени во доволен број примероци кога се поднесени во писмена форма, судот ќе ги отфрли.

Со оглед да тужбата со предлог за издавање на привремена мерка која е поднесена од тужителот преку полномошник - адвокат, не содржи доказ за лична идентификација на тужителот, следуваше согласно погоре наведените законски одредби да се одлучи како во изреката на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ,**
**«32» «П1-103/15» и П1-104/15 од «23.02.2015» година**

**Судија,**

«**ПРКЖ-126/21**»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите: Љиљана Чочковска - претседател на советот, Александар Камбовски и Зоран Караџовски - членови на советот, со записничарот Благица Иванова - судски советник, во прекршочниот предмет оформен против обвинетиот Љубе Симјановски од С. за прекршок по член 25 став 1 а казниво по член 25 став 5 во врска со член 390 став 1 алинеја 1 од од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, решавајќи по жалбата на бранителот на обвинетиот Љубе Симјановски од С., адвокатот Љубе Симјановски од С. изјавена против пресудата на Основниот суд во Охрид ПРК-С-22/20 од 12.11.2020 година, на седницата на советот на ден 05.04.2021 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на бранителот на обвинетиот Љубе Симјановски од С., адвокатот Љубе Симјановски од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Основниот суд во Охрид ПРК-С-22/20 од 12.11.2020 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Љубе Симјановски од С., согласно чл.121 од Законот за прекршоците, да плати на име паушални трошоци на постапката по жалба износ од 1.000,оо денари, во рок од 15 дена по приемот на одлуката назив на примач Апелациониот суд Битола - НБРМ, трансакциона сметка 100000000063095 сметка на корисник 290100060463114 Приходна шифра 724132, Програма 20, во спротивно паушалот ќе се наплати присилно.

О б р а з л о ж е н и е

Со обжалената пресуда на Основниот суд во Охрид ПРК-С-22/20 од 12.11.2020 година, обвинетиот Љубе Симјановски од С. е огласен виновен за прекршок по член 25 став 1 казниво по член 25 став 5 во врска со член 390 став 1 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, при што му е изречена прекршочна санкција - забрана на управување со моторни возила од „Б“ категорија во траење од 30 - триесет дена, а која забрана се впишува во возачката дозвола во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката и започнува да тече од денот на впишувањето во возачката дозвола и истата да ја изврши МВР. Задолжен е обвинетиот да плати трошоци на постапката во износ од 2.000,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, во спротивно ќе се наплатат по присилен пат.

Против оваа пресуда во законскиот рок жалба изјави бранителот на

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите: Јани Нича, претседател на советот, Тања Милева и Јусуф Ајрулахи, членови на советот, со записничар, Бојана Смилеска, виш судски соработник, во кривичниот предмет против обвинетата Милица Чонтева од В., за кривично дело Употреба на исправа со невистинита содржина од чл.380 ст.1 од Кривичниот Законик, постапувајќи по жалбата на обвинетата изјавена преку бранител Љубе Симјановски адвокат од С.«», против решението на Основниот суд Велес «К.125/21» од 21.05.2021 година, на нејавната седница одржана на «09.07.2021» година, согласно чл.443 ст.3 од Законот за кривичната постапка, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на «»обвинетата Милица Чонтева од В., изјавена преку бранителот Љубе Симјановски, адвокат од С.«», СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

РЕШЕНИЕТО на Основниот суд В. «К.125/21» од 21.05.2021 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Велес со обжаленото решение, го одбил приговорот поднесен од бранителот на обвинетата Милица Чонтева од В., адвокат Љубе Силјановски од С., за стварна ненадлежност на Основен суд Велес да постапува по обвинителен предлог III КО.бр.79/21 од 05.04.2021 година на ОЈО В., против обвинетата Милица Чонтева од В., за кривично дело Употреба на исправа со невистинита содржина од чл.380 ст.1 од КЗ и го одбил приговорот на бранителот на обвинетата Милица Чонтева од В., адвокат Љубе Силјановски од С., за застареност на кривичното гонење против обвинетата Милица Чонтева по Обвинителен предлог III КО.бр.79/21 од 05.04.2021 година на ОЈО В. против обвинетата Милица Чонтева од В. за кривично дело Употреба на исправа со невистинита содржина од чл.380 ст.1 од КЗ.

Незадоволна од првостепеното решение обвинетата, преку бранителот Љубе Симјановски, адвокат од С. изјавила навремена жалба поради суштествени повреди на одредбите од ЗКП, погрешно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, обжаленото решение да се преиначи, на начин што ќе се уважат приговорите на одбраната, поставени во приговорот на обвинителниот предлог на ОЈО В. и истиот согласно чл.474 од ЗКП, ќе се отфрли.

Одговор на жалба не е поднесен.

Вишото јавно обвинителство С. со писмен предлог КОЖ.бр.999/2021 од 02.07.2021 година, предлага да се одбие како неоснована жалбата на обвинетата

«ПСРРК» бр.«50»/«2020»

ПСРРК бр.50/2020

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: д-р Мирјана Лазарова Трајковска - Претседател на советот, Лидија Мартинова и м-р Сафет Кадрии- членови на советот, постапувајќи по барањето на подносителот Ф.Т. од С., поднесено преку полномошникот Љубе Симјановски, адвокат од С., за заштита на правото на судење во разумен рок за постапката по предметот КОЗ.бр.298/13 на Основното Јавно обвинителство С., на седницата одржана на ден 28.06.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на подносителот Ф.Т. од С., поднесено преку полномошникот Љубе Симјановски, адвокат од С., за заштита на правото на судење во разумен рок за постапката по предметот КОЗ.бр.298/13 на Основното Јавно обвинителство С., СЕ ОТФРЛА.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 15.12.2020, подносителот Ф.Т. преку полномошникот Љубе Симјановски, адвокат од С. до Врховниот суд на Република Северна Македонија поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок за постапката по предметот КОЗ.бр.298/13 на Основното јавно обвинителство С.. Истакнато е барање за правичен надоместок.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок во смисла на член 36 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18,198/18 и 96/19) со писмо од 25.12.2020 година и ургенција од 28.05.2021 година ги побара списите по предметот КОЗ.бр.298/13 на Основно Јавно Обвинителство С..

На ден 09.06.2021 година, Основното Јавно Обвинителство С. достави до Врховниот суд на Репблика Северна Македонија известување во врска со предметот К03.бр.298/13.

Врз основа на наводите во барањето и известувањето на Основното Јавно обвинителство С. од 09.06.2021 година, овој суд ги утврди следните факти и околности релевантни за оцена на дозволеноста на барањето.

«**ГЖ-2192/21**»

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Гордана Ѓорчева претседател на советот Радица Васиљевска и Аритон Ала, членови на советот, во правната работа по приговорот на должникот Љубе Симјановски«» од С. по предметот И.бр.315/21 на извршител Благоја Каламатиев од С., постапувајќи по жалбата на должникот поднесена преку полномошник адвокат Љубе Симјановски од С. против решението на «Основен граѓански суд С.» «ППНИ-315/21» од 05.05.2021 година, на нејавната седница одржана на «07.06.2021» година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на должникот поднесена преку полномошник адвокат Љубе Симјановски од С. СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

РЕШЕНИЕТО на «Основен граѓански суд С.» «ППНИ-315/21» од 05.05.2021 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основен граѓански суд С. со обжаленото решение приговорот поднесен од должникот Љубе Симјановски од С. против налогот за извршување ( врз основа на чл.96 од Законот за извршување) И.бр. 1511/21 од 15.04.2021 година на извршителот Благија Каламатиев од С., го одбил.

Незадоволен од ваквото решение останал должникот по што поднел жалба преку својот полномошник поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, како и погрешна одлука за досудените парнични трошоци, со предлог обжаленото решение да се преиначи, да се усвои приговорот и да се стави вон сила налогот за извршување, со барање за надомест на сите трошоци во целокупната постапка.

Одговор на жалбата не е поднесен.

Советот на Апелациониот суд Скопје по разгледување и оцена на жалба, обжаленото решение и сите списи во предметот, најде:

Жалбата е неоснована.

Во смисла на чл.354 ст.1 од ЗПП, овој суд испитувајќи ја првостепената одлука во границите на жалбените причини, а внимавајќи по службена должност на сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.2 т.1,2,3,5,10,11,13,14,15,16 и 17 од ЗПП најде дека со донесувањето на обжалената одлука не е сторена ниту една од суштествените повреди на кои овој суд внимава по службена должност.

## ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд, преку судијата Емилија Шопар Јованова, како судија поединец, постапувајќи по правната работа на тужителот Јавно Претпријатие за стопанисување со државните шуми “Н. Ш.“ со потполна одговорност С. (со претходен назив ЈП за стопанисување со државните шуми М. Ш. С.), ул...бр..., против тужениот А.Р. од с. М. ул... бр...«» од «С.»,« »за «надомест на материјална штета», вредност 1.376.900,00 денари, по одржаната главна јавна и усна расправа одржана на ден 24.02.2021 година, во присуство на полномошникот на тужителот Катерина Ѓорѓиевска, вработена кај тужителот и полномошникот на тужениот Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, на ден 04.03.2021 година, ја донесе и ја објави следната:

## П Р Е С У Д А

**ТУЖБЕНОТО БАРАЊЕ** на тужителот Јавно Претпријатие за стопанисување со државните шуми “Н. Ш. со потполна одговорност С.(со претходен назив ЈП за стопанисување со државните шуми М. Ш. С.), **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот А.Р. од с.М., С. да му плати на тужителот Јавно Претпријатие за стопанисување со државните шуми “Н. Ш.“ со потполна одговорност С. (со претходен назив ЈП за стопанисување со државните шуми М. Ш. С.), на име надомест на штета износ од 1.376.900,00 денари**,** со законска казнена камата, во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени, сметано од денот на поднесувањето на тужбата - 18.11.2016 година до 02.04.2020 година, од 03.04.2020 година со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што важела на последниот ден од претходниот месец зголемена за 4 процентни поени до завршување на вонредната состојба на територијата на РСМ - 24.06.2010 година, а од следниот ден по завршување на вонредната состојба до конечната исплата со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени, во рок од 15 дена од приемот на пресудата, под страв за присилно

**IV. П1-65/20**

**Р.**

**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО,** како првостепен парничен суд преку Судијата Вјолца Мора Бајрами, како судија поединец, решавајќи по тужба на тужител П. Ј. од К. ул. ...., застапуван од полномошник Владимир Михајловски, адвокат од К., против тужен Ж. Ј. од С.-.К.В., ул. ....., застапуван од полномошник Љубе Симјановски, адвокат од Скопје, основ смеќавање на владение, вредност на спорот 40.000 денари, по одржаната усна јавна и главна расправа на ден 11.02.2021 година во присуство на полномошник на тужител Владимир Михајловски, адвокат од К., на тужител П. Ј., на полномошник на тужен Љ. С., адвокат од Скопје и на тужен Ж. Ј., а на ден 19.02.2021 година го донесе и го објави следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбено барање на тужителот П. Ј. од К., ул....., па

**СЕ УТВРДУВА** дека тужениот Ж.Ј. од С., ул. ...., Кисела Вода, му го нарушил последното мирно, фактичко и непосредно совладение на тужител Пера Јаќимовски од К. над недвижен имот со катастарски индикации:

ЛИСТ Б:

КП 13848/2 м.в. ул. Питу Гули, градежно изградено земјиште, површина 62 м2,

КП 13848/2 м.в. ул. Питу Гули, земјиште под зграда 1, површина 69 м2,

КП 13848/2 м.в. ул. Питу Гули, земјиште под зграда 2, површина 22 м2,

КП 13844/3 м.в. ул. Питу Гули, градежно изградено земјиште, површина 377 м2 и

КП 13844/3 м.в. ул. Питу Гули, земјиште под зграда 1, површина 50 м2

или севкупно земјиште во површина од 580 м2.

ЛИСТ В:

КП 13848/2 ул. Питу Гули, зграда 1, намена А1-1, влез 2, кат подрум, помошни простории во површина од 36 м2,

КП 13848/2 ул. Питу Гули, зграда 1, намена А1-1, влез 2, кат приземје, станбена површина, стан 1 во површина од 62 м2,

КП 13848/2 ул. Питу Гули, зграда 1, намена А1-1, влез 2, кат приземје, помошни простории во површина од 9 м2,

КП 13848/2 ул. Питу Гули, зграда 2, намена А1-1, влез 2, кат приземје, станбена површина стан 1, во површина од 15 м2, и

КП 13844/3 ул. Питу Гули, зграда 1, намена А1-1, влез 1, кат приземје, станбена површина, стан 1, во површина од 18 м2,

имотот заведен на Имотен Лист број 20751 за КО К., на име на:

тужител П. Ј. од К., ул. Пере Тошев бр. 19, со дел од имот 6/42, како и на останатите сосопственици и тоа: Д. Ј. од С., ул. Г. М. бр. 9, Карпош со дел од имот 2/42, О. А.од К., ул. 173 бр. 6 со дел од имот 3/42, Зоран Милановски од К., ул. 158 бр.2 со дел од имот 3/42, Т.Ј. од К., ул. П. Г. бр.... со дел од имот 6/42, М. Ј. од С., ул. Г. М. бр. 9, Карпош со дел на имот 2/42, Н. Б. од К., Д.К, ул.... со дел од имот 6/42, Ж. Ј. од С., ул. .... Кисела Вода со дел од имот 6/42, Младена